**УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ- СКОПЈЕ**

**ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА**

**Втор циклус на студии- Менаџмент во образование**

# СОРАБОТКАТА СО СЕМЕЈСТВАТА- МОДЕЛ НА ПЕДАГОШКА КОМУНИКАЦИЈА

-Магистерски труд-

Кандидат:

Моника Велиновска

Број на индекс: 4440/12

Ментор:

Проф. д-р Марија Тофовиќ Ќамилова

Скопје, 2015

**Ментор:** ***Проф. д-р Марија Тофовиќ Ќамилова***

*Филозофски факултет- Скопје*

**Рецензети:**

**Проф. д-р Марија Тофовиќ Ќамилова**

*Филозофски факултет – Скопје*

***Доц. д-р Елизабета Томевска Илиевска***

*Филозофски факултет – Скопје*

***Доц. д-р Елена Ризова***

*Филозофски факултет - Скопје*

## *Содржина*

**Вовед** .................................................................................................. 5

**I Теоретски приод кон проблемот на истражување**

1. Дефинирање на основните поими ................................................................ 7
2. Семејството и неговото значење за развој на децата и учениците ................. 8
3. Воспитната улога на училиштето ................................................................ 12
   - 3.1. Соработката на училиштето со родителите во другите земји ........ 15
     - 3.1.1. Соработката на училиштето со родителите во Македонија ... 18
   - 3.2. Наставникот како медијатор на соработка со семејствата ................ 20
   - 3.3. Размислувањата на родителите во врска со соработката помеѓу наставниците и семејствата .............................................................. 22
4. Законски основи на процесот на соработка со семејствата ........................ 25
   - 4.1 Ефикасно организирање на работата на Советот на родители во училиштето .................................................................................. 28
5. Формални и неформални облици на соработка ............................................ 30
   - 5.1. Видови соработка на наставникот со семејството ........................... 31
   - 5.2. Современи форми на соработка ..................................................... 33
     - 5.2.1 Коминикација преку интернет (предности и недостатоци) .. 34
   - 5.3. Модели за вклученост на родителите во училиштето ....................... 38
   - 5.4. Предложени форми на соработка ................................................... 40
     - 5.4.1. Взамно поставување на целта и договарање ............................ 41
     - 5.4.2. Проценка на училишната политика, пракса и традиција ........ 41
     - 5.4.3. Изготвување на план за соработка на училиштето со родителите ............................................................................. 42
     - 5.4.4. Непосреден контакт на наставникот со родителите ................ 42
       - 5.4.4.1. Посета на родителот на училиште ................................ 43
       - 5.4.4.2. Домашни посети ........................................................ 44
     - 5.4.5. Родителски состаноци ........................................................... 47
       - 5.4.5.1. Општи родителски состаноци ...................................... 47
       - 5.4.5.2. Одделенски класни состаноци ...................................... 48

5.4.5.3. Индивидуални состаноци ................................................ 48
5.4.6. Ден за посета на родителите на училиштето ............................ 49
5.5. Едукација обука на наставниците и родителите ............................ 51
5.6. Нансен модел за интегрирано образование .................................. 52
6. Форми на соработка на училиштето со родителите според годишните програми за работа на основните училишта во Македонија ........................ 54
7. Релевантни истражувања ........................................................................ 56

## II Дел - Методолошки пристап кон предметот на истражување

1. Предмет на истражувањето ........................................................................ 61
2. Цел на истражувањето ............................................................................... 61
3. Карактер на истражувањето ....................................................................... 62
4. Задачи на истражувањето ........................................................................... 62
5. Хипотези ...................................................................................................... 63
6. Методи ......................................................................................................... 63
7. Техники ......................................................................................................... 64
8. Примерок на истражувањето ...................................................................... 64
9. Инструменти на истражувањето ................................................................ 65
10. Опис на инструменти ................................................................................ 66

## III Дел – Анализа и интерпретација на податоците добиени од истражувањето

1. Обработка на податоци .............................................................................. 66
2. Анализа и интерпретација на резултатите од анализа на законските регулативи за проверка на хипотеза 1 ......................................................... 68
3. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од годишните програми за работа на основните училишта за поверка на хипотеза 2 ........ 70
4. Анализа и интерпретација на резулатaтите добиени од прашалниците за наставниците за проверка на хипотеза 3 .................................................... 75
5. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од прашалниците за стручно педагошката служба за проверка на хипотеза 4 ......................... 86

6. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од прашалниците за родителите за проверка на хипотеза 5 ........................................ 90

Прилози

Заклучок ........................................................................................ 101

Препораки ...................................................................................... 103

Користена литература ................................................................... 107

***Вовед***

Денес како што образованието зазема се поголем замав во животот на децата, така се повеќе се наметнува и потребата од соработка со родителите. Во училишната програма за работа на секое училиште е предвидена и соработка со родителите. Вклучувањето на родителите во образованието порано значело доаѓање на редовно закажаните родителски средби. Но сепак во практиката, тоа се сведува на повремена комуникација со родителите, најчесто на родителски состаноци или при одредени проблематични ситуации како што се слаби оценки, изостанувања од настава или некој инцидент. Наместо да се зголемува меѓусебната соработка, денес во практиката се забележува се помала комуникација помеѓу родителите и училиштето, веројатно од подинамичниот живот на родителите и зголемениот број на секојдневни обврски што ги имаат кон работата и домот.

Денес родителите и наставниците очекуваат многу повеќе од меѓусебната интеракција. Сегашната соработка на училиштето со родителите е една од основите за ефикасна работа. Размената на информации меѓу родителот, наставникот и педагогот за напредокот, можностите, интересирањето, успесите и социјалната интеракција на децата е од круцијално значење за развојот и напредувањето на секој ученик. Затоа потребна е поголема ангажираност на родителите за подобра соработка со училиштето, што може да резултира со подобар успех на учениците, како и намалување на негативните појави, како што е случајот со зголеменото насилство во училиштата.

Во процесот на демократизација на училиштето и на воспитно- образовниот процес што се одвива во него, неопходно е да се развива врската училиште-родители во правец на градење односи на доверба, еднакво меѓусебно уважување, отвореност, континуирана двонасочна комуникација, почитување на индивидуалните разлики и потреби како на родителот, така и на ученикот. Иако формално постојат и функционираат Советите на родители, сепак, во некои училишта нивната улога се сведува на чиста формалност и токму затоа е потребна нивна поголема ангажираност во активностите на училиштето, во донесување на одлуките. Училиштето како институција има одговорност за градење и

поттикнување на партнерски односи со родителите, се со цел постигување подобар квалитет на релацијата училиште- родител. [1]

Соработката на училиштето со родителите е една од основите за ефикасна работа. Размената на информациите помеѓу родителот, наставникот и педагогот за напредокот, можностите интересирањето, успесите, и социјалната интеракција на децата е од големо значење за развојот и напредувањето на секој ученик.

Соработката со родителот е клучна за олеснување на развојот и постигнувањата на детето, како и за превенција и надминување на образовните и развојните проблеми на детето. Опаѓањето на постигнатите резултати, зголемените трошоци за образување и недовербата на институциите се едни од факторите кои го одвлекуваат вниманието од правата, обврските и влијанието на родителите. Посетите на родителите во училиштата, родителските средби, работилниците, состаноците на родителите со наставниците и педагозите се ефективни во охрабрување на родителите да се вклучат во образувањето на нивните деца. Од честата соработка помеѓу родителите, наставниците и педагогот не само што е зголемен напредокот и успехот на учениците туку и самите родители и наставници се позадоволни од нивната комуникација и заемна соработка, а со тоа се зголемуваат и можностите за отварање можности и за други видови соработка.

Училиштето е работилница во која се создава моделот на утрешниот граѓанин. Тоа на организиран начин ја поддржува воспитно- образовната функција на семејството. Во него учениците стекнуваат знаења, ги развиваат своите способности, градат ставови за разни животни вредности. Оттука училиштето како и семејството има иста одговорност кон учениците. Сосема оправдан е заклучокот дека родителите треба да знаат се што се случува во училиштето, а како ќе знаат ако не се вклучат и не соработуваат.

---

[1] Малденовска Димитровска, М. (2011), „Градење партнерски односи меѓу родителите и училиштето- предуслов за успешна воспитно- образовна интеракција", *Ефективност и ефикасност на наставата,* Битола: СОУ „Таки Даскало"- 140-146

## I Дел - Теоретски приод на проблемот на истражување

### 1. Дефинирање на основните поими

Денес живееме во период на транзиција кога настануваат големи општествени промени кои ги зафатија сите сфери на општествениот систем. Во работата на современите училишта се поаѓа од потребата за поширока соработка на училиштето со семејството. Истовремено потребата на семејството да изгради здрава личност од своето дете го упатува семеството да побара помош од училиштето на поширок план, а не само за успехот во учењето на своето дете. Затоа неопходно е училиштето и семејството користејќи ги достигнувањата на педагошко психолошката наука и науките сродни на нив да ги збогатат и прошират постојните содржини, видови и форми на заедничко делување врз развојот на децата и младите. Потребата од поврзаноста и соработката помеѓу училиштето и семејството ја потенцирале голем број на педагози и социолози. Зближеноста и соработката помеѓу училиштето и семејството започнала со родителските состаноци како први форми на соработка, на која родителите биле известувани за успехот на учениците и нивното однесување. Во минатото веројатно тоа било и единствениот вид на соработка помеѓу семејството и училиштето, а можеби тогаш и немало потреба од други начини на соработка.

Во практиката на воспитанието и образованието за живеење во семејството пишува Савиќевиќ, „изникнале различни организациони облици чија андрагошко- методска ефикасност уште не е проучена. Сите тие облици со едно име можат да се наречат како воспитно- образовни групи кои се јавуваат под различни имиња: курс, семинар, циклус на предавања, родителски состаноци во различни видови, родителски вечери, клуб за родители, музички и филмски вечери, тематски вечери, вечери за постари (баби и дедовци), приредби, посети и трибини.“[2] Во услови на се поголема демократизација на односите на училиштето и воведување на нови форми и методи на работа, не е можно остварување на соработка само со „класични“ форми и содржини на работа.

---

[2] Стојкоска, В. (2007), *„Семејството како примарен фактор во работата на училиштето“*, Скопје: Просветно дело

Потребата од поголема соработка на семејството со училиштето произлегла од многубројните истражувања кои покажале дека децата чии родители се вклучени во активностите, изработката и реализацијата на програмата на училиштето покажуваат подобри резултати во споредба со учениците чии родители не учествувале. Освен големиот број на истражувања и самите педагошки служби сметаат и бараат начини како да ги вклучат родителите, особено оние невклучените или незаинтересираните, да бидат дел и да допридонесат во напредокот и успехот на нивните деца во училиштето, како и во развојот на самото училиште.

## 2. Семејството и неговото значење за развој на децата и учениците

Семејството непосредно е основна институција која низ историјата наназад, како и денес, е примарна во процесот на социјализација на личноста. Како составен дел на општественото семејство не останува изолирана клетка, напротив, сите промени што се случуиле во општествено економските односи, социјалните, културните, техничко технолошките имале влијание врз трансформацијата на семејството, па оттука доаѓа и до промени на функциите на семејството.

Тоа е основна клетка во која детето ги добива првичните сознанија за она што го опкружува, за доброто и злото, убавото и неубавото. Во семејството детето ја стекнува топлината, љубовта и ги учи на улогата на син, ќерка, брат или сестра. Во семејството се стекнува чувство на безбедност и сигурност со помош на охрабрувањето кои се добива од родителите. Тука се развива чувството на блискост, внимание, грижа и заедништво од кое подоцна ќе произлезат знаењата, вештините, ставовите и вредностите кај личноста. Во прилог на изесените ставови одат и истражувањата на современите психолози кои истакнуваат дека „примарната социјализација на детето секогаш се врши во рамките на примарните групи, т.е. во помали групи каде взаемните односи меѓу луѓето се лични, спонтани,

човечки, интимни, каде поединецот до некоја мера ужива заштита, симпатија и сигурност на групата“.[3]

Семејствата се првите едукатори на нивните деца и тие продолжуваат да влијаат на нивното учење и развој во текот на учебната година и долго потоа. Училиштата имаат важна одговорност во помагањето да се негува и да научат идниниte генерации и семејства да веруваат дека училиштата ќе обезбедат образовни темели за иднината на нивните деца. Во исто време, училиштата треба да ја препознаат основната улога на семејството во образованието. Ова е причината зошто е важно семејствата и училиштата да работат заедно во партнерство.

Истражувањата покажуваат дека ефективните училишта имаат високо ниво на вклученост на родители и на општеството во нивниот образовен процес. Ваквата вклученост е силно поврзана со подобрување на учењето на ученикот, присуството и однесувањето. Вклучувањето на семејството може да има големо влијание врз учењето на учениците, без оглед на социјална и културна припадност на семејството. Затоа вклученоста на семејството во училиштата е од централно значење за висок квалитет на образование и е дел на основната дејност на училиштата.

Целта на семејно училишната соработка е да се поттикнат одржливи и ефективни партнерства меѓу сите членови на училишната заедница, вклучувајќи ги и наставниците, семејствата и учениците. Соработката помеѓу семејствата и училиштата да помогне да се надминат бариерите за вклучување на семејствата во образовниот процес на училиштата, треба да им помогне на незаинтересираните семејства да покажат интерес за вклучување, како и да ги задржи оние семејства кои веќе се вклучени. Со помош на оваа соработка треба да се создадат подобри програми и можности за учење на учениците. Родителите да се чуствуваат по слободни, да иницираат промени кои сакаат да ги видат во училиштето и да бидат рамноправни во донесувањето на одлуките. Развивањето на семејно родителската

[3] Бергант,М. (1973), „ Промене породица и проблеми породичног воспитања“, часопис *Педагогија* 1, Београд, стр.6

соработка не може секогаш да биде лесна. Се бара посветеност и време. Поради многу причини, на многу семејства ќе им треба посебен аранжман или дополнителна поддршка, за да им овозможат да станат активно вклучени во училишниот живот на нивните деца и да им помогнат на децата да го извлечат максимумот од училиштето. Резултатите од овие напори ќе бидат значителни.[4]

Семејството има важна улога во овозможување на можности за учење дома и поврзувајќи го сето она што учениците го учат на училиште со она што се случува дома. Вклучувајќи голем број на различни начини на учење надвор од училиштето, родителите стануваат важен фактор во процесот на едукација на нивните деца. Гледајќи пошироко, улогата на семејството се состои од партнерство и соработка помеѓу семејствата, училиштата и заедницата, подигање на свеста на родителите за придобивките од вклучување во образовниот процес на нивните деца и стекнувајки се со одредени вештини како подобро да им помогнат на децата. Милер (2009) истакнува дека соработката помеѓу семејствата, училиштата и заедницата ги редефинираат границите и функциите на образованието. Тие го зголемуваат родителскиот и потенцијалот на заедницата, создаваат услови во кои нивните деца учат многу поефикасно.[5]

Детето стекнува диспозиции во семејството кои се поволни за учење или не, на пример се здобива со ниво на барања, мотивација за учење, самоконтрола или способност за кооперација. Исто така доаѓа до израз и влијанието на семејството врз ставовите, интересите, стекнување на знаење, слика за самиот себе, мотивирачки способности итн.

---

[4] Family- school partnership framework, A guide for school and families, Australian Government, Department of Education, Eployment and Workplace Relation, http://www.familyschool.org.au/files/3013/8451/8364/Family-school_partnerships_framework.pdf

[5] Emerson,L., Fear. J.,Fox, S., and Sanders, E.(2012).„Parental engagement in learning and schooling": Lessons from research. A report by the Australian Research Alliance for Children and Youth (ARACY) for the Family-School ommunity Partnerships Bureau: Canberra.
http://www.aracy.org.au/publications-resources/command/download_file/id/7/filename/Parental_engagement_in_learning_and_schooling_Lessons_from_research_BUREAU_ARACY_August_2012.pdf

Влијанието на родителите доаѓа до израз за време на целото школување. Тие од една страна воспитуваат како наставници, а од друга страна начинот на нивниот живот индиректно влијае врз децата. Нивното влијание е многу поголемо отколку она на наставниците затоа што тие располагаат со многу повеќе „наставно време". Тежината на неформалното стекнато знаење е многу поголема од она на формално стекнатото знаење бидејќи надвор од училиштето во просек се учи поинтензивно.[6]

Родителите и другите членови на потесното семејство се најважните личности во животот на детето. Тие учествуваат во учењето и развојот на детето од неговото раѓање. Тие ја дефинираат културата и системот на вредности на кои се темели социјализацијата на детето. Вклучувањето на родителите и семејствата не подразбира само учество во активностите, настаните и програмите кои го сочинуваат детскиот свет, туку и доволно добро познавање и разбирање на детето за да се знае што значи определено негово расположение или како тоа се снаоѓа во тешките околности и ситуации.

Пејт и Ендрус (2006) пронашле доследни, несомнени и уверливи докази дека членовите на семејството имаат најголемо влијание на успехот на нивното дете во училиштето и во текот на животот. Кога училиштето, семејството и заедницата соработувајќи го поттикнуваат детето да учи, тоа повеќе го сака училиштето, покажува подобри резултати и подолго се задржува во образовниот процес.

Колку порано родителите се вклучат во образованието на своите деца, толку се поголеми ефектите од нивната вклученост (Michigan Department of Education, 2002).

Хендерсон и Мап (2002) го поткрепуваат ваквиот заклучок во својот преглед на релевантни истражувања. Тие тврдат дека програмите за поддршка на раниот детски развој и образование, во кои родителите се обучуваат како да работат со своите деца дома, имаат уште означен и позитивен ефект на постигнувањето на децата, при што тој успех е целосно поврзан со траењето на родителскиот

[6] Арсовска- Несторовска, К. (1997), *Соработка на училиштето со родителите*, Битола: Минека, стр. 43

ангажман во програмата. Тоа се однесува на сите деца, без разлика на потеклото на социоекономскиот статус на семејството. Во некои случаи, децата со најизразени тешкотии во учењето најмногу профитираат од ваквиот тип на родителска поддршка.

Многу истражувања ја потврдиле идејата дека родителскиот ангажман може позитивно да влијае на ученикот, меѓутоа постои разлика помеѓу вклучување на родителите во образовниот процес и вклучување на родителите во процесот на учење. Вклучувањето на родителите во училишните активности може да има важна улога, а една од нив е високи постигнување на ученикот доколку неговите родители се вклучени во процесот на учење.

Многу интернационални истражувања покажале дека вклучувањето на родителите во образовниот процес и во активностите има позитивно влијание врз постигнувањата на детето, како што се:

- Подобри оцени и постигнување подобри резултати на тестовите
- Подобро завршени задачи
- Пониски стапки од откажување од училиштето во повисоките образовни циклуси
- Поголем број на дипломирани студенти и
- Поголема веројатност за продолжување на училиштето подоцна за постдипломски студии[7]

## 3. Воспитната улога на училиштето

Потребата од поврзување и соработка помеѓу училиштето и семејството ја потенцирале голем број водечки социолози и педагози. Не случајно Н.К. Крупскаја напишала „педагошките институции треба да бидат тесно поврзани со семејството

---

[7] Emerson,L., Fear. J.,Fox, S., and Sanders, E.(2012).„Parental engagement in learning and schooling": Lessons from research. A report by the Australian Research Alliance for Children and Youth (ARACY) for the Family-School ommunity Partnerships Bureau: Canberra. Стр. 3
http://www.aracy.org.au/publications-resources/command/download_file/id/7/filename/Parental_engagement_in_learning_and_schooling_Lessons_from_research_BUREAU_ARACY_August_2012.pdf

исто како што општественото воспитување е поврзано со семејството". Партнерството со родителите придонесува за подобро усогласување на домашната средина и средината за учење.

Друг голем советски теоретичар С. Т. Шетски истакнува дека „училиштето не смее да се одделува од семејството, туку треба да знае да направи план за соработка со него.'[8]

Укажувајќи на големото психолошко, социолошко и педагошко значење на соработката на училиштето со семејството Клонимир Шкалко го истакнал следново: „Основно е, родителите масовно да се приближат до училиштето, да им се помогне во разбирањето на воспитните цели и задачи на нашето училиште, да ги привлечме да соработуваат во решавањето на училишните прашања, да ја координираме нашата воспитна работа со родителскиот дом и за таа цел да им дадеме на родителите практични напатствија за нивно воспитно делување во домот. Последицата од зближувањето и работата во тој правец треба да биде во тоа родителите да го почувствуваат училиштето како нешто свое, да го внесат во сферата на своите интереси, бидејќи училиштето ги решава прашањата кои се поврзани со среќната иднина на нивните деца и целата наша општествена заедница".

Состојбата која ни е присутна во образовнието кај нас на релација училиште- семејство можеме да ја објасниме на два начини, токму заради тоа што имаме два извршители (две видувања во овој процес). Од една страна ни се поставени извршителите- наставниците, чии најчести согледувања за досегашната пасивна форма на соработка се следните:

- Родителите се воглавно недоволно заинтересирани за работата на училиштето во кое се образува нивното дете, сметајќи дека нивната главна обврска е да го запишат детето во училиште и да ги решат егзистенцијалните проблеми;

[8] Јанкова, З.А., И.Ј. *Родзинскаја*- Педагошки институт Москва, стручни рад, У.Д.К: 37725

- Наставниците се често преоптеретени со настава и административна работа, во сите училишта не постојат материјално- просторни услови за да ги реализираат тие контакти, не сметаат дека родителските состаноци се токму за нив и дека треба да им претставуваат обврска.
- Токму затоа најчесто соработката помеѓу наставникот и родителот се сведува на давање на информации за успехот и поведението на ученикот во класификационите периоди, а најчеста форма која се користи се родителските состаноци или индивидуалните средби. Во одредени ситуации кога состојбата е алармантна (се јавуваат проблеми кај ученикот или по основ на дисциплина или енормно слаб успех), пракса е интервенција кај родителот, за изнаоѓање оптимално решение за да не биде училиштето единствениот кривец за ваквата состојба.
- Во овој контекст Клонимир Шкалко истакнува дека сеуште не се сфаќа значењето на соработката со родителите за полесна и поуспешна работа со децата. Затоа истакнува: „Има наставници кои прашањето на соработка со родителите го сфаќаат претесно, а последица е тоа што и многу тесно го решаваат. Поаѓаат од претпоставката дека главна цел е информирањето на родителите, посебно кога на ученикот нешто лошо му се подготвува во врска со успехот и дисциплината, за да не ја преземе училиштето врз себе целата одговорност. Некои го поставуваат тежиштето во барањето на материјална помош од родителите за разни школски потреби, а има и такви случаеви кои се поставуваат на репрезентативна соработка која постои само на хартија, во одржување состаноци и држење говори“.[9]

Според моето размислување денес поголемиот дел од родителите во трката за егзистенција и обезбедување подобри услови за живеење за семејството и своите деца, се преокупирани и презафатени со своите обврски и немаат доволно време да го следат самиот процес на образование на своите деца, а уште помалку имаат време да ги следат и да се вклучат во активностите на самото училиште. Сведоци сме на големиот број градинки кои се отвараат, а можеби една од причините за тоа е зголемената потреба на самите родители да ја препуштат грижата за образование

[9] Шкалко, К. (1949), *Педагошка функција разредника у нашој школи,* Загреб, стр. 55

на своите деца на посоодветни и стручни тимови, бидејќи како што споменавме и претходно, брзиот и динамичен живот им одзема се повеќе од слободното време, кое тие треба да го искористат за да им се посветат на своите деца за да им помогнат и да го одржуваат добриот успех на децата. Од друга страна пак, училиштата знаејќи го овој недостаток се обидуваат да ги привлечат родителите и преку своите методи на соработка да ги вклучат во образовниот процес на училиштето и со тоа да бидат поблиску како до своите деца, така и да имаат претстава и да го следат напредокот на своите деца, што според мене успева.

Во целиот воспитно образовен процес на учениците, најголема улога има комуникацијата. Училишната комуникација е динамичен дел за успех во образованието. Ефективната двонасочна комуникација се наведува како неопходна за успех на сите нивоа во образованието. Ефективносто вклучување на семејството има позитивно влијание врз учениците, семејството и училиштето. Бројни истражувања покажале дека како најефективни форми на соработка се оние во кои родителите активно се вклучени во директната работа со нивните деца, посебно во домашните активности како пишување домашно, читање, пишување, туторство следејќи ги инструкциите и советите дадени од страна на наставниците. Колку порано родителите ќе се вклучат, толку повлијателни и подобри ќе се ефектот и постигнувањата на учениците. Различни обуки, работилници и ориентации ја подобруваат ефективноста на вклучувањето на семесјтвото и како најуспешни програми за вклучување се оние кои нудат различни начини на кој семејствата и родителите можат да придонесат за успешна соработка.

## 3.1. Соработката на училиштето со родителите во другите земји

Во развиените земји родителите имаат битна улога за подобрување на работата на училиштето со нивните можности за соработка и со учеството во одлучувањето за животот и активностите на децата во училиштето. За таа цел соработката со родителите започнува во одделението/паралелката на родителските состаноци со наставникот или со класниот раководител. Родителите заедно со наставникот се договараат за проширените активности на децата во

училиштето, како на пример, во училиштата во Словенија за активностите на учениците во деновите за спорт, култура, техничка технологија, за наставата во природа, играорните групи и за други планирани активности на децата во училиштето. На овие средби родителите имаат можност да ги изнесат своите забелешки за евидентираните непријатности или неправилности во врска со одржувањето на наставата, оценувањето или за однесувањето на учениците и наставниците и за низа други прашања.

Во училиштата во Словенија во советот на училиштата, којшто има 11 члена, три места припаѓаат на родителите. Секоја учебна година родителите од паралелката избираат свој претставник во советот на родителите на училиштето. На почетокот на учебната година првиот состанок на советот на родителите во училиштето го свикува директорот.

Советот на родители предлага програми кои ги надминуваат стандардите што ги нуди училиштето, дава согласност на предлозите што ги дава директорот за натстандардните услуги, дава мислења за програмата за развој на училиштето, годишниот детален план на училиштето и за извештајот на директорот за работата на училиштето. [10]

National Education Association (NEA) ја опишува стратегијата Градење на односи Еден на еден помеѓу родителите и наставниците кои се поврзани со учењето. Во ефективните програми на учесниците им треба време за да дискутираат и да постигнат договор за тоа како да соработуваат за да се подобри достигувањето кај учениците.

Комуникацијата на училиштето и наставниците со родителите е составен дел од програмите за поддршка. Наставниците се среќаваат со родителите пред и по училишните часови за да разговараат за напредокот на студентите. Родителите се вклучени во процесот на развивање на индивидуализиран академски

---

[10] Концепција за деветгодишно образование, (2007), Министерство за образование и наука, Скопје: Биро за развој на образование, стр. 51

интервенциски план за учениците кои покажуваат потешкотии. Наставниците исто така им нудат на родителите и настава пред и после часовите со цел учениците да го надополнат пропуштеното за време на часовите, подготовка за тестови и друго. [11]

Во училиштата во Австралија има таканаречени училишни службеници-офицери (School Laision Officers), кои обично се платени членови на персоналот со соодветни вештини и обврски кои комуницираат со родителите, посебно со родителите со кој е потешко да се комуницира. Посветеноста на персоналот е од особено значење за семејствара со ограничени писмени вештини или со семејства кои потекнуваат од различни културни заедници кои имаат потешкотии со разбирање на јазикот кој се зборува. Ваквите училишни службеници може да им помогнат на родителите да стекнат знаења за наставната програма и она што нивните деца го учат или ќе го учат во иднина. Иако е важно дека сите вработени во училиштето се свесни за родителскиот ангажман, стратегии и практики и се способни самоуверено да комуницираат со родителите, истражувањата покажуваат дека овие училишни службеници се од големо значење за формирање и оддржување на успешни односи со родителите.

Друг метод на комуникација со родителите е преку базичните училишни домашни центри, преку кои учениците и родителите можат да добијат помош за домашните задачи. Овие училишни домашни центри можат да го намалат притисокот на родителите да се запознаат со содржината на работата на училиштето, а исто така може да помогне и да ги подобри односите меѓу родителите и наставниците. Сепак некои родители не се чуствуваат сигурни во комуникацијата со училиштето на било кој начин, затоа се формирани родителско информативни истражувачки центри во Америка. За разлика од училишно домашните центри, овие родителско информативно истражувачки центри се лоцирани на подрачјата каде што живеат родителите и им овозможуваат услуги кои не се дел од традиционалните услуги кои ги нуди самото училиште како што се

---

[11] *Ten Key Strategies for Effective Partnerships* http://www.nea.org/assets/docs/Family-School-Community-Partnerships-2.0.pdf стр.15

на пример здравствени услуги, советување, конференции, работилници за начинот на кој можат да се вклучат родителите во училиштето и друго. Во некои случаеви од овие центри може да се понуди и помош во домашни услови посебно за семејствата со ниски приходи, односно социјално загрозените семејства. Поставеноста и значењето на родителско информативно истражувачките центри во општеството нудат одлична можност да се зајакнат односите помеѓу родителите, наставниците и училиштето (US Department of Education 2011).[12]

### 3.1.1. Соработката на училиштето со родителите во Македонија

Искуствата од соработката меѓу училиштето и родителите во Македонија покажуваат дека во периодот по 1996 година било планирано соработката да се зацврстува и зголемува. На состаноците на родителите со одделенскиот наставник и класниот раководител на паралелката неопходно е да се договораат и да ги планираат активностите за подобрување на условите за воспитно- образовната работа или за решавање на проблемите што се случуваат во училишниот живот на учениците со неправилностите при оценувањето од страна на некои наставници и за сите други прашања во однесувањето меѓу учениците и наставниците.

Се налагала потребата да се воспостави практика во училиштата да се одредат часови за разговор на родителите со наставниците по одделни предмети, а за учениците кога имаат потешкотии во наставата да се договорат и да одредат начини како да им помогнат. Родителите од одделението избираат свој претставник во советот на родителите на училиштето, а советот на родители бираат најмалку тројца претставници во советот на училиштето. Меѓутоа, со Законот, а исто така и во практиката, не се регулирани надлежностите на советот на родители во училиштето. Поради тоа прилично е запоставено нивното влијание во организирањето на животот и работата на учениците и наставниците во

[12] Emerson,L., Fear. J.,Fox, S., and Sanders, E.(2012).„Parental engagement in learning and schooling": Lessons from research. A report by the Australian Research Alliance for Children and Youth (ARACY) for the Family-School ommunity Partnerships Bureau: Canberra. Стр. 42
http://www.aracy.org.au/publications-resources/command/download_file/id/7/filename/Parental_engagement_in_learning_and_schooling_Lessons_from_research_BUREAU_ARACY_August_2012.pdf

училиштето, а особено во развивањето на програмите и плановите за работа и за развојот на училиштето.

Родителите имаат право да добиваат информации за работата и животот на учениците во училиштето, да се запознаат со постигањата во наставата и другите активности. Во согласност со програмата за работа тие можат да учествуваат и во реализација на оделни содржини со учениците во училиштетои други слични активности кои имаат значење за воспитанието и образованието.[13]

Како последица на презафатеноста на родителите како и нивната неажурност да присуствуваат на родителските состаноци кои се организираат од страна на наставниците или од училиштето, како новина која е воведена во соработката помеѓу наставниците и родителите е информирање на родителите за успехот на учениците преку порака која ја добиваат на нивните телефони. Со тоа родителите на некој начин постојано се во комуникација со училиштето. Сеуште некои наставници се соочуваат со родители кои ниту еднаш не се појавиле во училиштето и не прашале за успехот и напредокот на своето дете. Иако ова претежно се однесува за родителите на учениците од повисоките одделенија или учениците во средно училиште, сепак почнува да ги зафаќа и родителите на учениците од пониските одделенија.

Базичната филозофија на овој проект е фокусирана врз развивање на интерактивни односи помеѓу наставниците, родителите и учениците, што последователно треба да доведе до соработка помеѓу училиштето и семејството.

Соработката на училиштето со семејството опфаќа широк обем на активности, и тоа: запознавање на родителите со целта и задачите на основното училиште, годишната програма и извештајот од нејзиното реализирање, условите за работа (материјални и дидактички), проблемите што го попречуваат нормалното работење, приоритетните задачи, визијата и мисијата за натамошниот развој на училиштето, начинот на кој родителите можат да се вклучат во работата

[13] Концепција за деветгодишно образование, (2007), Министерство за образование и наука, Скопје: Биро за развој на образование, стр. 54

на училиштето преку давање разни мислења, сугестии, вклучување во разни активности- соодветни на нивната професија, афинитет, општествена моќ, влијание и углед.

### 3.2. Наставникот како медијатор во соработката со родителите

Ефективната, доследна и проактивна комуникација помеѓу наставникот и родителите е релативно нов феномен во училиштата. Во претходните генерации за комуникацијата на родителите со наставниците многу често се користел изразот “никакви вести се добри вести“, односно наставниците комуницирале со родителите само кога учениците ќе покажеле лоши резултати или недолучно однесување. Меѓутоа како што се менува времето, комуникацијата меѓу родителите и наставниците е засилена и е барана многу често и од самите родители. Самите родители очекуваат од наставниците да бидат информирани за напредокот на детето во училиштето на сите полиња.

За да можат децата да учат и да се развиваат, потребна е цврста соработка на наставниците со семејствата и другите членови на заедницата. Кога наставникот ќе ја разбере важноста на учењето дома и важноста на семејството како првичен образовен и социјален фактор за детето, ќе може да гради мостови помеѓу училиштето и семејството/ заедницата и да се остварува двонасочна комуникација. За да се овозможи успешно учење и развој на децата мора да бидат земени предвид различните услови во семејството и заедницата од која тие доаѓаат. Успешната соработка на наставниците со семејствата се остварува доколку наставникот е свесен за многуте начини на кои семејството може да придонесе децата да учат подобро, да се подобри атмосферата во училницата и во училиштето. Наставникот ги почитува интересите и одговорностите на сите оние кои се вклучени во образованието и формирањето на иднината на децата доколку оствари успешна комуникација и интеракција меѓу семејствата, училиштето и заедницата, со што се придонесува за создавање поцврсто општество.

*Принцип 1. Наставникот поттикнува партнерство со семејствата и создава различни можности семејствата и членовите на заедницата да учествуваат во учењето и развојот на децата.*

Овој принцип се однесува на тоа да членовите на семејствата се поканети и добредојдени во училницата, а наставникот да изнајде разни начини на кои тие може да учествуваат во образовниот процес и во животот на децата. Наставниците треба да ги вклучат родителите во заедничко носење одлуки во врска со учењето и развојот на нивните деца и социјалниот живот во училиштата. Исто така наставникот и членовите на семејствата треба заедно да носат одлуки во врска со условите за учење на децата.

Вклучувањето на родителите во образовниот процес води до:

- подобрување на резултатите на образовниот процес
- ги зајакнува позитивните форми на однесување на децата
- родителите кои учествуваат во донесувањето на одлуки повеќе ги доживуваат како свои и повеќе се предадени на поддржувањето на мисијата на училиштето
- вклучувањето на родителите влијае на намалувањто на бројот на изостаноци на децата
- придонесува за подобро разбирање на улогите на односите меѓу родителите, детето и училиштето
- придонесува за емоционалното задоволство на децата
- начинот и квалитетот на вклучување на родителите влијае на децата, родителите и наставниците.[14]

[14] Поттикнување на наученото, Прирачник за професионален развој на учителите, Скопје: Фондација за образовни и културни иницијативи- Чекор по чекор

## 3.3. Размислувањата на родителите во врска со соработката помеѓу наставниците и семејството

Директната соработка која се одвива помеѓу наставниците и родителите не секогаш е на барање на самите родители или на самите наставници. Најчесто соработката која ја имаат наставниците со родителите на учениците се одвива на родителските состаноци кои задолжително се спроведуваат неколку пати годишно. И покрај тоа што присуството на родителските состаноци и средби, кои најчесто се однесуваат на успехот на учениците, е задолжително, сепак неретко е забележано да не сите родители присувствуваат на таквите состаноци.

Постојат повеќе причини зошто родителите не присувствуваат на родителските состаноци (а и оние кои присувствуваат не го прават тоа со големо задоволство) меѓу кои како покарактеристични ќе ги споменеме следниве:

- Родителите имаат доверба во своите деца и се на мислење дека детето само се труди да си ги реши “проблемите“, па нема потреба од нивно присувство;
- Категорија на родители на проблематични деца, кои просто плашејќи се од тоа со какви се зборови ќе бидат окарактеризирано нивното дете се плашат да се соочат со моменталната сосотојба и го одлагаат моментот за некоја наредна средба, кога истиот може да биде влошен.
- Некои родители се плашат од маргинализираниот статус кој го имаат во општеството;
- Многу родители заради недоволна информираност сметале дека треба да бидат повикани за да дојдат во училиштето, а има и такви кои се на мислење дека училиштето добро функционира, но нивните лични и семејни проблеми не им овозможуваат редовни контакти и постојана грижа за своето дете.[15]

Самите родители  и наставници не ја сфаќаат идентичноста на своите интереси и не настојуваат да сторат се што можат за да нивните меѓусебни односи се подигнат на организациско и квалитетно повисоко ниво. Токму заради тоа

[15] Арсовска- Несторовска, К. (1997), *Соработка на училиштето со родителите*, Битола: Минека, стр. 47

постои отсуство на постојани форми на соработка меѓу училиштето и семејството, заедничко планирање и соработка како би можеле постоечките проблеми да се решаваат врз база на взаемно разбирање, почитување и помагање.

Разидувањето помеѓу родителите и наставниците П. Мандиќ го објаснува на следниов начин:

1. Отсуство на перманентна, цврста и ефикасна соработка помеѓу наставниците и родителите. Тие немаат доволно доверба едни во други, взаемно се опкружуваат, не постигнуваат согласност за најсовремени прашања, и не се многу често во состојба заедно да решат и најпрост проблем.
2. Постојат сериозни пропусти во педагошкото образование на родителите и наставниците. Тоа оневозможува заеднички појдовни и принципиелни основи, единствена педагошка акција, брзи педагошки интервенции. Наставниците кои немаат социјална педагошка наобразба и кои и понатаму не се усовршуваат на ова поле не можат да им помогнат на родителите во решавањето на многу воспитни проблеми, а последователно ниту пак можат да стекнат поголем углед кај родителите. Освен тоа тие не се во состојба да бидат иницијатори и организатори во подигнувањето на педагошкото усовршување на родителите, иако тоа е една од основните задачи.
3. Нерешеноста на материјалните и други проблеми и во семејствата и во училиштата не им дозволува ниту на наставниците потполно ангажирање на воспитната работа, ефикасната соработка и успешното отстранување на разни проблеми во развојот на младата личност во семејството и во училиштето.
4. Воспитното влијание на средината, посебно средствата за масовно информирање често не одат во чекор со воспитното влијание на училиштето и семејството.
5. Соработката на училиштето и семејството како и нивната соработка со други општествени влијателни фактори не се планира заеднички и студизно. Така во пракса се случува (ако планирањето го врши само училиштето) она што е

само планирано да не им одговара на сите заинтересирани и тие или не доаѓаат на заедничките состаноци или пак доколку дојдат остануваат пасивни. Се случува и тоа наставникот при планирањето на работата, родителите да ги третира како субјекти на својата образовна дејност, а не како рамноправни субјекти.

6. Во некои средини многу е ниско општото образовно работење на родителите што го оневозможува успешното рамноправно соработување во воспитувањето на младите.
7. Соработката помеѓу училиштето и семејството тешко се одвива бидејќи голем е бројот на педагошки необразовани наставници во основните и средните училишта. Освен тоа, наставниците не се материјално стимулирани за постојана работа со родителите и затоа со нив контактираат само тогаш кога е најнеопходно и неизбежно.

И покрај тоа што бенефотот од вклучувањето на родителите во училиштата е многу јасен, сепак многу училишта сеуште се борат да најдат ефективни начини да ги надминат бариерите во комуникацијата со родителите и да остварат контакт со нив. Родителите треба да бидат запознаени со тоа што нивните деца учат во училиштето, што имаат за домашна задача како и да бидат информирани и постетени за идни тестови, активности, проекти и настани. Родителите исто така треба да бидат повеќе загрижени за однесувањето на нивното дете во училиштето. Понекогаш ученикот има проблеми со однесувањето на училиште но тие проблеми не претставуваат толкав голем проблем за што училиштето и наставниците не ги известуваат родителите, но исто така не се ни толку беззначајни за да се игнорираат или заборават. Наставниците и училиштето мора да сватат дека во денешното општество родителите и наставниците си се многу потребни во меѓусебната поддршка, многу повеќе отколку претходно.

Родителите имаат многу причини за тоа зошто не сакаат и не можат да бидат вклучени во образовниот процес на нивните деца. Многу родители се двоумат да се вклучат во активностите на училиштето затоа што немаат доволно слободно време, или се чуствуваат исклучени и незнаат како да се поврзат со

училиштето поради нивните сопствени непријатни образовни искуства. Многу од родителите незнаат како да ги искористат своите таленти и со тоа да им помогнат на наставниците во спроведување на нивните активности. Самото непознавање на образовниот систем и незнаењето дека може да се вклучат во активнстите на училиштето претставува пречка за вклучување на родителите во образовниот процес на нивните деца.

Често родителите се чувствуваат исплашени од комуникацијата со наставниците. Но, не само тие, многу често и самите наставници чувствуваат неугодност во комуникацијата со родителите. Многу често кога наставниците комуницираат со родителите чувствуваат притисок дека треба да го кажат она што е правилно за родителите, од страв дека родителите може да се посомневаат во нивите вештини и наставнички способности.

Многу наставници на почетокот се загрижени за нивниот искрен однос со родителите. Справувањето со родителите често им е застрашувачко поради притисокот сите да ги направат среќни и кај сите да остават добар впечаток. Овие чувства можат да предизвикаат наставниците да ја доведат до минимум комуникацијата со родителите.[16]

## 4. Законска основа на процесот на соработка со семејствата

Потребата за поактивно вклучување на родителите во училишниот живот во основните училишта е нагласена во Националната стратегија за развој на образованието 2005- 2015 (Министерство за образование и наука, 2005) како и Концепцијата за деветгодишно основно образование (2007) каде што за вклученоста на родителите во образованието е одвоен посебен дел.

Според Законот за основно образование чл. 124 орган на управување на основното училиште е училишниот одбор, кој е составен од девет члена и тоа: тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите од

[16] Stier, M., Backes, J., Lamb, D. „Increasing Parent-Teacher-Child Communication for Beginning Teachers: S.O.S. Style" http://www.mentors.net/library/parent_teacher_child_com.php

училиштето, тројца претставници од родителите на учениците, двајца претставници од основачите и еден претставник од Министерството. Претставниците на родителите ги избира Советот на родители непосредно и тајно (чл. 125). На тој начин тие директно се вклучени во донесувањето на најважните одлуки за училиштето.

За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште од родителите на учениците се формира совет на родители на училиштето (чл. 145).

Советот на родители спаѓа во групата на други органи. Тој се избира од редот на родителите, односно од старателите на учениците кои не се вработени во училиштето. Советот на родители ја следи, разгледува и дава мислење за остварување на воспитно- образовната работа на училиштето. Работата, бројот на членовите, начинот на избор и организацијата на советот на родители се утврдува со статутот на училиштето.

Во советот на родители има по еден претставник од секоја паралелка кој што го избираат родителите на родителскиот состанок на паралелката.

Советот на родители:

- дава мислење за предлогот на програмата за развој на основното училиште и за годишната програма за работа,
- расправа за извештајот за работата на училиштето,
- предлага програми за подобрување на стандардите на наставата,
- дава согласност на предлозите на директорот за воведување повисоки стандарди,
- разгледува жалби на родителите во врска со воспитно- образовната работа,
- избира претставници во училишниот одбор на основното училиште и
- врши други работи утврдени со статутот на училиштето. [17]

---

[17] Консолидиран текст на Законот за основно образование

Една од целите на основното образование е унапредување на кадровските ресурси. За таа цел Министерството за образование и наука системски ќе изгради модел за напредување во кариерата за наставниците во основното образование и ќе го вгради во законската регулатива. Со ваквиот систем секој наставник ќе може да напредува со цел да добие одредено звање. Звањето ќе се врши со претходно дефинирани индикатори за стекнати компетенции, искуство, покажан кваитет. Еден од индикаторите е и соработката со родителите.

Според овој индикатор секој наставник треба да:

- Го афирмира партнерскиот статус со родителите
- Го поттикнува и организира присуството на родителите во училиштето и училницата
- Ја дизајнира стручната и искуствената партиципација на родителите во наставниот процес
- Ги посетува семејствата на учениците
- Иницира форми за организирана соработка меѓу родителите на учениците
- Редовно ги информира родителите за напредувањето на нивните деца
- Организира заеднички средби со родителите и нуди содржини за нивно дружење
- Оддржува континуирана врска и комуникација со членовите на семејствата на своите ученици
- Работи со учениците кои потекнуваат од семејства во криза, раздвоени брачни заедници, деца на родители пред развод, деца- жртви на семејно насилство, деца на родители- зависници и сл.
- Развива и реализира програми за правата и одговорностите на децата во своите семејства
- Развива и реализира програми за одговорно родителство и квалитетен семеен живот

- Работи со родителите за развивање на свест и одговорност кон правата на децата и обврските на родителите и семејството.[18]

## 4.1. Ефикасно организирање на работата на Советот на родителите во училиштето

Родителите на училиштето се организирани во совети на родители на ниво на секоја паралелка и совет на родители на ниво на целото училиште. Од советите на родителите на паралелките се избираат претставници кои членуваат во советот на родителите на ниво на училиштето. Од редовите на училиштето се избираат претставници за училишниот одбор. Ефикасното организирање и работата на советот на родителите е од посебно значење за унапредување на работата на училиштето и за квалитетот на образовниот процес, помага во процесот на донесеување одлуки, како и успешно планирање и реализирање на годишната програма за работа на советот на родители. Работата на советот на родители и соработката со училиштето и пошироката заедница се прикажани на следнава шема:




*Слика бр.1*

---

[18] Национална програма за развој на образованието во Р. Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи, Скопје: Министерство за образование и наука на Р. Македонија, стр. 148

-Оддржувањето на ефективни состаноци на советот на родителите во училиштето претставува начин за организирано и ефективно работење. Ефективен состанок е оној кој има утврдена крајна цел (добивање или размена на идеи, информации, предлози и мислења или донесување некоја одлука), а притоа се работи тимски, со активно учество на сите учесници.

- Умешноста на советот на родители да работи како тим ја определува успешноста на неговото работење, затоа што успешноста да се работи заедно во тим подразбира способност за справување со промените, разрешување на конфликти и реализирање на сопствен потенцијал. Доколку се работи тимски ефектите ќе бидат поголеми во сите сфери на делувањето на советот на родители започнувајќи од организирањето на состаноци, планирање и реализација на активности и друго.

- Донесувањето одлуки е составен дел на работата на советот на родители, а ефективниот и демократскиот процес на одлучување е најдобриот показател на ефикасноста на тимот. Донесувањето одлуки се остварува преку следниве форми: овластен одлучувач, одлучувачки одбор, гласање, консензус.

- Советот на родители треба да изработи сопствена годишна програма која ќе се темели на поставените цели на годишната програма за работа на училиштето. Соработката со педагогот, психологот, наставниците и директорот при изработката на годишната програма е многу важна бидејќи реализирањето на активностите на родителите подразбира соработка и поддршка на различни субјекти во училиштето.

- Градењето партнерства на советот на родители започнува во училиштето преку развивање на соработката со наставниците, со стручната училишна служба и со директорот. Заради поуспешно остварување на своите цели, советот на родители може да воспостави патнерставо на ниво на локалната заедница, но и пошироко како на пример со советите на родителите од други училишта, со институциите на локалната власт, со невладини организиации, јавни и приватни претпријатија.

- Активностите од работата на советот на родителите треба уредно да се евидентираат и документираат. Како документи кои се користат се: писма, известувања, годишна програма за работа, записници и извештаи од состаноци, извештаи за евалвација на работењето, едукативни материјали, прирачници и друго.

- Следењето и евалвацијата на квалитетот на работењето на советот на родителите овозможува да се согледаат јаките и слабите страни на неговото функционирање. Со тоа можат да се превземат соодветни мерки за надминување на одредени потешкотии или пак унапредување на работата во иднина. [19]

## 5. Формални и неформални облици на соработка

За да можат децата да учат и да се развиваат, потребна е цврста соработка на наставниците со семејствата и другите членови на заедницата. Кога наставникот ќе ја разбере важноста на учењето дома и важноста на семејството како првобитен образовен и социјален фактор кај детето, ќе може да гради мостови помеѓу училиштео и семејството/ заедницата и да остварува двонасочна комуникација. За да овозможи успешно учење и развој на децата мора да бидат земени во предвид различните услови во семејството и заедницата од која тие доаѓаат. Успешната соработка на наставниците со семејствата се остварува доколку наставникот е свесен за многуте начини на кои семејството може да придонесе децата да учат подобро, да се подобри атмосферата во училницата и училиштето. Наставникот ги почитува интересите и одговорностите на сите кои се вклучени во образованието и формирањето на иднината на децата доколку оствари успешна комуникација и интеракција меѓу семејствата, училиштето и заедницата со што се придонесува за создавање на поцврсто општество.

[19] Ристевска, С., Ѓорѓиевска, Г. (2004), *Прирачник за родители на ученици од основно образование,*Скопје: ЦРС Католички служби за помош

## 5.1. Видови соработка на наставникот со семејството

Клучната цел на непречената соработка помеѓу училиштето и семејството е да се запознаат родителите со училиштето и образованието за да се осигураат дека тие ќе се чуствуваат удобно додека комуницираат со наставниците. Училиштата треба да се свесни дека родителите може да се бидат збунети или исплашени и тоа да попречи во комуникацијата на родителите со наставниците. Затоа кон родителите треба да се пристапи со комуникација, на тој начин што родителите ќе можат да ги разберат наставниците и училиштето.

*Наставникот остварува партнерство со семејствата и создава различни можности семејствата и членовите на заедницата да учествуваат во учењето и развојот на децата*

- Членовите на семејствата се поканети и добредојдени во училницата и наставникот изнаоѓа разни начини тие да учествуваат во образовниот процес и животот на децата
- Наставникот ги вклучува родителите во заедничко донесување одлуки во врска со учењето, развојот на децата и социјалниот живот во училницата
- Наставникот со членовите на семејствата донесува заеднички одлуки во врска со условите за учење на децата.

*Наставникот користи формални и неформални прилики за комуникација и споделување информации со семејството*

- Наставникот редовно разговара со семејствата во врска со нивните деца, за развојната и наставната програма и за случувањата во училницата
- Наставникот редовно разговара со семејствата за да дознае нешто повеќе за средината од која доаѓа детето и за да увиди кои се неговите посилни страни, неговите интереси и потреби.
- Наставникот создава можности семејствата да учат едно од друго и да се поддржуваат меѓусебно
- Наставникот ги чува во доверба информациите за семејствата и за децата

***Наставникот ги користи изворите од заедницата и од семејната култура за да ги збогати развојните и спознајните искуства на децата***

- Наставникот ги воведува децата во заедницата или ги кани членовите на заедницата во училницата со цел да го поттикне учењето и социјалнизацијата на децата
- Наставникот им помага на семејствата да дојдат до информации, извори и услуги кои им се потребни за да се подобри развојот и учењето на нивните деца
- Наставникот ги користи своите познавања за заедницата и за семејствата како интегрален дел од наставниот план и од спознајното искуство на децата
- Наставникот може да им понуди на родителите и на членовите на семејството информации и идеи за создавање постимулативни услов за учење во домот и да им помогне на родителите да ги подобрат своите компетенции[20]

Хендерсон и соработниците (2007) наведуваат четири темелни уверувања на учителите кои би требало да бидат темел на вклучувањето на семејствата во програмите во училиштето:

1. Наставниците мора да веруваат дека сите родители имаат соништа врзани за своите дета и за нивниот живот и дека им посакуваат се најдобро
2. Наставниците мора да веруваат дека сите родители имаат капацитет да ги поддржат своите деца во учењето
3. Родителите и училишниот персонал треба да бидат рамноправни партнери
4. Примарната одговорност за градењето партнерства меѓу училиштето и домот почива првенствено на вработените во училиштето.

Почитувањето на семејните разлики значи препознавање на постоењето на различните начини на вклучување што треба да им се понудат на семејствата. Епстеин (1995) нуди шест форми на вклучување на членовите на семејствата што

[20] Педагошки стандарди- Компетентни учители за XXI век , Скопје: Фондација за образовни и културни иницијативи- Чекор по чекор

училиштата би можеле да ги понудат со цел да се унапреди соработката меѓу училиштето, семејството и заедницата. Тоа се:

1. *Родителството*- помагање на родителите да се здобијат со вештини и подобро разбрање на детскиот развој, што ќе им овозможи да создадат домашна средина која ќе го стимулира учењето и успехот на детето во училиште
2. Комуникација- успешно комуницирање (училиштето со семејствата и обратно) за напредокот на децата и за воспитно- образовната програма
3. Волонтерството- вклучување на родителите и другите членови на заедницата во волонтерски активности
4. Учење дома- поврзување на училиштето и семејството преку размена на информации и идеи за активности што родителите можат да ги користат при учењето на нивните деца дома
5. Донесување на одлуки- вклучување на родителите и/или членовите на заедницата во донесувањето одлуки и управувањето со училиштето
6. Соработка со заедницата- интегрирање на услугите и ресурсите на заедницата со ресурсите и услугите кои ги нуди училиштето со цел зајакнување на семејството, збогатување на курикулумот и унапредување на детскиот развој

## 5.2. Современи форми на соработка

Според принципот на основно образование и воспитание од концепцијата за деветогодишно основно воспитание и образование, принципот на партнерство помеѓу училиштето, родителите и локалната средина се темели на три компоненти и тоа:

- обврска на училиштата да им обезбедуваат на родителите навремени и пристапни информации за она што се одвива во училиштето, а што е релевантно за школувањето на нивните деца, како и информации што се поврзани со работата и напредувањето на децата во училиштето

- овозможување на целосна партиципација на родителите во донесувањето одлуки во училиштето, а што се однесуваат на воспитанието и образованието на децата, како и со непосредно учество во планирањето и остварувањето на училишните активности во зависност од интересите на учениците и
- отворање можности на родителите и на локалната заедница активно да го поддржуваат животот и работата на учениците во училиштето.

### 5.2.1 Комуникација преку интернет (предности и недостатоци)

За разлика од традиционалните модели на комуникација на наставниците и училиштето со родителите во институционален контекст, кога таа комуникација се однесувала за основни информации за потребите на учениците, училишните постигнувања и дисциплината, во современиот начин на одгледување насочено кај ученикот, се нагласуваат други вредности. Партнерствата и добрата комуникација на сите учесници во воспитно образовниот процес се важни компоненти на современите програми затоа образовните институции треба да пронајдат начини како да ја поттикнат оваа соработка. Иако е познато дека комуникацијата помеѓу сите учесници во воспитно образовниот процес е најквалитетна кога родителите можат директно да учествуваат во неа, поради современиот зафатен начин на живот , родителите често не се во можност да ја остварат оваа комуникација успешно.

Достапноста на модерната технологија, особено на интернетот им овозможува на образовните институции, родителите и учениците нови начини на комуникација. Различните форми на електронска комуникација како што се web страните, e-mail, блоговите и другите социјални мрежи, можат да обезбедат голем број на информации на едно место и можат да обезбедат дополнителни информации кои им се потребни на родителите за да се запознаат со активностите во кои се вклучени нивните деца во училиштата, програмите и содржините на самото училиште, совети за родителите на разни теми и многу други информации.

Во последно време како посебна неформална форма на соработка на родителите со наставниците и училиштето која зазема се поголем замав во последно време е комуникација преку социјалните мрежи односно преку Facebook и Twetter. Многу често родителите, па дури и самите наставници знаат да им се обратат на родителите преку социјалните мрежи и да ги информираат за новите случувања поврзани со нивните деца. Преку веб страните и фејсбук страните на училиштата родителите добиваат информации за сите случувања во училиштето и активностите во кои се вкучени или не се вклучени нивните деца.

Во суштина интернетот може да послужи како „интерактивна алатка за индивидуализација на домашни задачи и поддршка за вклучување на семејствата во процесот на домашна работа" (Salend, S. J., Duhaney, D., Anderson, D. J., & Gottschalk, C. (2004). Using the internet to improve homework communication and completion. *Teaching Exceptional Children*)

Аронсон (1995) дал предлог дека училиштата можат да направат кратко видео за родителите на новите ученици кое ќе содржи вовед во самото училиште, краток приказ на просториите во училиштето, запознавање со активностите на самото училиште и покана до самите родители да се вклучат во активностите на училиштето. Едно училиште ја проширило оваа идеа и направило 50 кратки видеа на различни теми кои биле препратени до семејствата и родителите на учениците (Clevenson, 1999). Како резултат на овие видеа била подобрена комуникацијата и соработката меѓу родителите и наставниците и родителите биле вклучени во активностите на училиштето.[21]

Едно основно училиште во Подгорица развило посебена програма Live@edu која ја употребува како алатка за комуникација и соработка со училиштето. Целта на оваа програма е да се зацврсти комуникацијата и соработката помеѓу сите учесници во воспитно образовниот процес, односно помеѓу училиштето, наставниците, родителите и учениците. Употребата на оваа програма се одвива на две нивоа:

[21] Graham, C. S., *„Communicating with Parents: Strategies for Teachers"* http://www.adi.org/journal/ss05/Graham-Clay.pdf стр. 122

- Преку проектот Клик до училиште (www.os-popovaca.hr) постигната е соработка помеѓу наставниците, родителите и учениците. Основа на овој проект е услуга преку електронска пошта. Сите корисници на оваа Live@edu програма имаат кориснички лозинки со чија помош кога ќе се вклучат на програмата имаат пристап до сите електронски адреси и контакти на сите ученици поделени по одделенија и наставниците.
- Соработката помеѓу родителите и наставниците е многу поедноставена бидејќи наставниците ги имаат сите електронски адреси на родителите на учениците од своето одделение и со само еден клик можат да им испратат порака на сите. Со помош на обрасците за оцени кои се поставени на самиот портал, наставниците на родителите може да им испраќаат месечни извештаи од оценките на учениците.

Корисниците на оваа програма постојано добиваат потсетување за настаните кои се случуваат во училиштето и надвор од него. Во склоп на оваа програма може да се најдат и галерија со фотографии и разни блогови. Опцијата Skydrive се користи како алатка преку која учениците може да ги превземат домашните задачи, да ги решат и потоа да ги вратат решени назад. На тој начин наставникот има преглед на решените задачи на учениците и истовремео ги архивира истите.[22]

Како што може да забележиме, технологијата денес овозможува нови форми на соработка помеѓу училиштата, наставниците и родителите и поставува нови предизвици и можноси на сопствен развој, учење, како и секогаш да бидат во тек со новите информации.

За жал, недостатокот на ресурси е една вообичаена пречка со која повеќето наставници и училишта се соочуваат кога е во прашање интернет комуникацијата со родителите ((Doering-Jackson, Estes, Gathright, & Templeton, 2007). Не сите родители имаат пристап до компјутери или имаат емаил. Многу од родителите и кои имаат емаил не го користат често па дури можеби и воопшто. По грешка, многупати емаилот може претставува многу важен документ или информација, која по грешка може да е упати на погрешна емаил адреса и вопшто да не стаса.

[22] Live@edu u Osnovnoj skoli Popovaca
http://www.os-popovaca.hr/LinkClick.aspx?fileticket=Qm71W%2FeLHcA%3D&tabid=38

Исто така, нешто што често се случува е според начинот на пишување на испраќачот на пораката, пораката да биде погрешно протолкувана од страна на примачот на пораката.[23]

Од друга страна пак колку социјалните мрежи имаат позитивен ефект врз комуникацијата и соработката помеѓу наставниците, родителите и училиштето, толку може и да има негативен ефект бидејќи самите родители сметаат дека се информирани и запознаени со активностите на училиштето и немаат потреба да присуствуваат на состаноците определени за информирање за престојните активности на училиштето, а и наставниците немаат потреба да ги повикуваат родителите на дополнителни состаноци кои не се однесуваат за успехот и поведението на учениците.

Додека технологијата придонесува за зголемување на родителскиот ангажман, комуникациските стратегии кои ги користат новите технологии имаат најголема корист ако се земе во предвид разновидноста на потребите на родителите кои најмногу се фокусирани на поврзување на учењето во домот и училишните средини и се користат на таков начин што наскоро ќе се заменат традиционалните форми на комуникација.[24]

Како заклучок на сето ова можеме да ги издвоиме следниве предности и недостатоци на комуникацијата преку интернет:

*Предности:*

- Брзина- заштедување на време. Моментално добивање и пренесување на информациите
- Може да се комуницира во било кое време

[23] Stier, M., Backes, J., Lamb, D. „Increasing Parent-Teacher-Child Communication for Beginning Teachers: S.O.S. Style", http://www.mentors.net/library/parent_teacher_child_com.php

[24] Emerson,L., Fear. J.,Fox, S., and Sanders, E.(2012).„Parental engagement in learning and schooling": Lessons from research. A report by the Australian Research Alliance for Children and Youth (ARACY) for the Family-School ommunity Partnerships Bureau: Canberra. Стр.41
http://www.aracy.org.au/publications-resources/command/download_file/id/7/filename/Parental_engagement_in_learning_and_schooling_Lessons_from_research_BUREAU_ARACY_August_2012.pdf

- Брз и поволен начин на комуникација

*Недостатоци:*

- Можат да се пренесуваат само кратки информации. Неможе опширно да се коментира
- Немаат сите родители пристап до компјутер или до интернет
- Недоволна информатичка писменост кај двете страни. Можно е пропуштање на некои објави и новости поради нередовна проверка на електорнската пошта.[25]

## 5.3. Модели на вклученост на родителите во училиштето

Често пати соработката или вклучувањето на родителите во работата на училиштето се сфаќа погрешно. Некои соработката ја подразбираат како давање пари, донација да се направи нешто за училиштето. Секако и тоа е соработка, но соработка е и кога некои родители одржуваат предавања, работилници на пример во врска со здравјето на учениците, изработуваат помошни наставно- дидактички средства, изработуваат разни проекти. Соработка е и кога родителите им помагаат на децата во изготвување на домашните задачи, во организацијата да се посетат културни институции, како музеј, театар, опера. Со други зборови соработката на училиштето и семејството може да се реализира на најразлични начини во сите подрачја што се реаизираат во училиштето. Истражувањата покажуваат дека таму каде што соработката меѓу наставниците и родителите е поголема, проблемите со учениците се помали. Родителите настојуваат да бидат по инволвирани во образованието на учениците дома отколку во училиштето но тоа почнува да се менува со тек на времето. Присуството на родителите во училиштето, наставниците треба да го сватат како нивна грижа за детето и респект кон специфичноста на нивната професија.[26]

[25] Mrezna stranica, suradnja roditelja, ucenika I ucitelja https://pogledkrozprozor.wordpress.com/2011/12/22/mrezna-stranica-suradnja-roditelja-ucenika-i-ucitelja/

[26] Ристевска, С. , Ѓорѓиевска, Г. (2004), *„Прирачник за родители на ученици од основното образование"* , Скопје: ЦРС- Католички служби за помош - 50 стр.

Идентификувани се следниве модели на вклученост на родителите во училишната практика:

- *Комуникација-* Овој модел на соработка најчесто има карактеристика на формална и неформална комуникација за успехот, развојот, поведението, редовноста на учениците и најчесто се остварува преку родителски состаноци, индивидуални разговори, групни средби, комуникација со наставници, директор, педагог, психолог, писмена комуникација, посета на домови, училишни манифестации, приредби, прирачник за родители, библиотека, интернет.

  Комуникацијата со родителите започнува уште првиот ден кога родителите ќе дојдат во училиштето. Комуникацијата може да се одвива и преку знаците за добредојде кои можат да бидат напишани на повеќе јазици доколку во тоа одделение има деца од различна етничка припадност. Комуникацијата со родителите може да биде еднонасочна и двонасочна. Еднонасочна комуникација имаме кога наставниите ги информираат родителите за одредени настави во училиштето, активности, или за напредокот и успехот на учениците, писмо за запознавање на почетокот на учебната година, преку училишен весник или веб страна на училиштето. Двонасочната комуникација вклучува дијалог помеѓу наставниците и родителите. Комуникацијата може да се одвива преку телефонски разговори, домашни посети, отворени часови за родителите и друго. Наставниците треба да ги користат и двата модели на комуникација со цел поуспеша соработка со родителите.[27]
- *Активности на родителите во училиштето* се одвива преку вклученост на родителите во Советот на родители во училиштето, работа во органот на управување на училиштето, активности на родителите во училницата, вклучување во изработка на проекти, програми, семинари.
- *Педагошко- психолошко образование на родителите-* информации- сервисни услуги (ментално- здравствени, советодавни, менаџерски сервиси),

[27] Graham, C. S., *Communicating with Parents: Strategies for Teachers* http://www.adi.org/journal/ss05/Graham-Clay.pdf стр. 118

едукација на родители (стекнување на основни знаења за воспитанието и образованието на своите деца), трибини, дебати, презентации, аудио-визуелни информации.

- *Доброволно вклучување* – професионална, општествена и родителска поддршка
- *Родители како волонтери-* можат да се вклучат во училницата, во проекти, училишни манифестации, саеми, панаѓури, излети во природа или екскурзии
- *Родители како консултатнти-* може да се искористат стручните знаења на одредени родители од некоја одредена област како на пример медицина, архитектура, информатика, експертизам во одредена област, предавање, презентации, користење на ИКТ, советување од страна на некои родители кои имаат знаења и способности што можат да се искористат во наставната програма.
- *Родители како помагачи.*[28]

## 5.4. Предложени форми на соработка

Поаѓајки од сознанието за важноста на влијанието на семејството врз успехот на децата во текот на целото школување и од заинтересираноста на воспитно образовните организации за заедичко делување со родителите се предложени следните форми на соработка[29]:

1. Взаемно поставување на целта и договарање
2. Процена на училишната политика, пракса и традиција
3. Изготвување план за соработка на училиштето со родителите
4. Непосреден контакт на наставникот со родителите
5. Родителски состаноци
6. Училиште за родители
7. Библиотека за родители

[28] Христовска, Д. (2011), „Семејна- училишна партиципација", *Ефективност и ефикасност во наставата, Ефективност и ефикасност на наставата,* Битола: СОУ „Таки Даскало"- 223 стр.
[29] Арсовска- Несторовска, К. (1997), *Соработка на училиштето со родителите*, Битола: Минека, стр. 51

8. Катче за родители
9. Јавно информирање за активната соработка на училиштето со родителите
10. Прирачник за родители
11. Ден за посета на родителите на училиштето

И покрај тоа што повеќето форми на соработка се реализираат во училиштата, сепак не покажуваат големи резултати и не ја поттикнуваат заинтересираноста на родителите да соработуваат со училиштето или да се вклучат во активностите.

### 5.4.1. Взаемно поставување на целта и договарање

На почетокот на учебната година пожелно е на родителите да им се испрати писмо во кое јасно им се соопштува целта и активностите што ќе ги превземе училиштето во наредните месеци во текот на учебната година. Основна цел на оваа програма е да се следи преку целата година напредокот на детето и на крајот да се сумираат настаните и активностите кои ги превзело училиштето, а ги одразуваат взаемните цели на училиштето и семејството. Како дополнителна информација која ова писмо може да ја пренесе е пораката дека родителите може да се вклучат во активностите на училиштето.

### 5.4.2. Проценка на училишната политика, пракса и традиција

Неопходно е да се направи анализа и проценка дали училиштето како институција водело сметка за тоа како ги дочекува, прифаќа или поздравува учениците и родителите од почетокот на школувањето на учениците, како и во понатамошниот период на школување. Колку љубезноста, постапките на вработениот персонал во училиштето влијае врз создавање на блиски контакти помеѓу родителите и училиштето.

Првите контакти се многу важни не само за ученикот кој се запишал во училиштето, туку и за родителот кој понатаму треба да соработува со вработените во училиштето.

Исто така треба да се води сметка и за потребите и предлозите дадени од страна на родителите за тоа на кој начин сакаат да остваруваат соработка и во што сакаат да бидат вклучени и тие.

### 5.4.3. Изготвување на план за соработка на училиштето со родителите

Во изготвувањето на планот за соработка на училиштето со родителите треба да земат учество што повеќе преставници од редот на родителите, управните и стучните органи на училиштето, педагошко психолошката служба како и раководниот кадар.

Потребно е да се свикаат општи родителски средби, каде ќе бидат разгледани и дадени нови предлози што ќе биде основа за усвојување на планот за работа на училиштето. Пожелно е да се назначи едно лице во својство на главен координатор, или пак доколку постои потреба да се формира тим, составен од родители и наставници кои ќе ја спроведуваат оваа активност.

За да може да се реализира овој план за соработка помеѓу училиштето и родителите потребно е наставниците да покажат целосна спремност, да го променат своето однесување за да можат да очекуваат промени во однесувањето кај учениците и нивните родители. Потребно е наставниците да им покажат да родителите дека тие навистина сакаат да соработуваат и дека имаат потреба да ја остваруваат таа соработка што почесто, како и дека тие секогаш им стојат на располагање доколку родителите имаат потреба да се информираат или доколку сакаат редовно да го следат напредокот на учениците.

### 5.4.4. Непосреден контакт на наставникот со родителот

За да се воспостави личен контакт на наставникот со родителот, потребно е да се задволат повеќе предуслови кои подразбираат: потполна спремност на родителот и наставникот да соработуваат, издвојување на време за ваква соработка. Понатаму е потребна широка педагошка и психолошка култура на наставникот, изготвување на материјални и објективни услови во училиштата-

просторија за работа со родителите, како и потребна литература која ќе може да им биде посочена на родителите за нивно информирање во врска со воспитните проблеми на школските деца.[30]

Воспоставувањето на контактот помеѓу наставникот и родителот може да се остварува во училиштето и во семејството, односно родителот доаѓа во училиште или пак наставникот го посетува семејството. Кај нас сепак не толку, а може и воопшто не е развиена оваа форма на посета на наставникот во семејството на ученикот.

### 5.4.4.1. Посета на родителот на училиштето

Посетата на родителот на училиштето е честа пракса кај нас за добивање на првични информации за успехот и поведението на детето.

Основна цел на посетата на родителите во училиштето е да се запознаат со просторните можности кои ги нуди училиштето во кои се образуваат нивните деца, да се запознаат со проблемите присутни во училиштето, да ги дознаат своите обврски кон училиштето и своето дете. Посетите на родителите имаат за цел запознавање со класните раководители, одделенските и предметните наставници кои им предаваат на нивните деца, договарање за нивната понатамошна соработка и воспоставување трајна форма за информирање за активноста и работата на детето.

И покрај тоа што препорачливо е и двата родитела да се запознаат и да учествуваат со првичните договори со класните раководители, со правилата и со активностите во работата на училиштето, сепак кај нас е пракса само еден од родителите да се појавува на родителските состаноци и да дознае за успехот и резултатите на неговото дете. Нееднаквата заангажираност на двата родитела за работата на детето како и за исполнувањето на обврските кон училиштето и наставата во праксата резултира со слаби резултати и постигнувања на мали ефекти. Бидејќи како што спомнавме најчесто само еден од родителите

[30] Арсовска- Несторовска, К. (1997), *Соработка на училиштето со родителите*, Битола: Минека

присуствува на состаноците или само еден комуницира со наставниците, често се случува другиот родител воопшто да не знае кој е наставник на нивното дете.

Според Петар Мандиќ за да се воспостави личниот контакт на наставникот со родителот потребни се соодветни услови:

- потполна спремност на родителот и наставникот да соработуваат, што подразбира издвојување на време за ваквата соработка, кое за жал наставниците го немаат
- широка педагошка и психолошка култура на наставникот т.е. целосно изградена комплетна личност
- обезбедување на материјални и објективни услови во училиштето

Ваквата активност бара хуманост, самостојност и сигурност, трпеливост, истрајност, тактичност и широкоградост во работата.

#### 5.4.4.2. Домашни посети

Некои родители посетите на училиштето или родителските состаноци ги сведуваат под очекуваниот минимум од различни причини: некои се самохрани родители па неможат да обезбедат згрижување на другите деца, некои имаат полно работно време, некои се плашат од институцијата училиште заради нивниот маргинален статус во општеството.

Во ваквите случаеви се препорачуваат домашни посети. Преку домашните посети се добива слика за состојбата, условите, приликите во кои живее и работи ученикот. Преку непосредните контакти и разговори може многу да се дознае за животниот пат и развој на детто, кои можат да му помогнат на наставникот во изградување на ученичкото досие и полесното разрешување на некои проблеми кои многу често искрснуваат во наставната практика.

Домашните посети не треба да се практикуваат само кај “проблематичните“ деца. На поголеиот број на родители и на многу деца- ученици им е посебно важно и им преставува посебна чест посетата на наставниците во нивниот дом бидејќи

тоа е елемент преку кој се насетува чувството на грижа, следење на континутетот во нивниот развој што развива пријателско чувство кај родителот и ја зајакнува партнерската врска на релација наставник- родител.

Посетите на наставникот во домот на ученикот треба да бидат добро испланирани, да се одбере најпогодното време кое му одговара на родителот, да се договори датум, да се проучи темелно проблемот на детето и да се изврши подготовка за разговор. Посетата треба да се изврши навремено, пред проблемите на ученикот да ескалираат, за да се утврдат причините за таквото однесување, видувањето на родителите за однесувањето и ангажирањето на детето во домот што за наставникот ќе бидат драгоцени информации за разрешување на проблемот.

Разговорот треба да биде добро подготвен, при што наставникот треба да ги изнесе прво добрите страни на ученикот, а потоа да направи осврт на она што е негативно во однесувањето на ученикот со што ќе ги охрабри родителите за соработка. Во разговорот на наставникот мора да е присутен и елемент на самокритичност, што подразбира доколку постојат недостатоци во училиштето, пропусти во неговата работа, пропусти во работата на другите предметни наставници истите да се изнесат и да се искористи приликата за соработување и преку заедничко- позитивно насочување на  енергијата на двата родитела да се концентрира стратегија на соработка.

Домашни посети се остаруваат и доколку наставникот забележи дека ученикот подолго време не е на училиште, или доколку кај ученикот се забележи променливо однесување. Тогаш наставникот оди на посета во семејството на ученикот со цел да ја увиди состојбата на ученикот и состојбата во семејството и да дознае од што е предизвикана промената во однесувањето на ученикот.

Во месец мај наставниците остваруваат домашни посети кај учениците- идни првачиња кои треба да се запишат во прво одделение во наредната учебна година, со цел да ги информираат родителите за потребните документи и рокот за запишување на децата во училиште.

Според National Education Association во училиштата во Сакраменто, Америка програмата домашни посети на наставниците во семејствата има за цел да се изгради соработка со семејствата со што фокусот е да се подобрат постигнувањата кај учениците. Во основните училишта домашните посети посебно се нагласуваат во есен и пролет. На домашните посети во есен наставниците ги покануваат родителите да дојдат во училиштето и тие да развијат план за комуникација и соработка во текот на годината, додека пак за време на пролетта наставниците одат на домашни посети и ги подготвуваат учениците за пролетното тестирање. Во истражувањето спроведено од NEA е наведен пример во кој за време на посетата на наставникот мајката рекла дека се надева дека нејзиниот син ќе заврши училиште и ќе продолжи со школувањето и на факултет, за што слушнал и синот. Според мислењето на наставникот ова многу влијаело во понатамошниот напредок на синот со што неговите оценки во училиште биле многу подобри.[31]

Истражувањето спроведео од страна на National Association of school Psyhologist покажува дека домашните посети и комуникација се ефективни, доста развиени и во училиште учениците ги постигнуваат следниве резултати:

- Подобри резултати на тестовите
- Подобри оценки
- Подобро однесување на учениците во училиште
- Помал број на ученици кои отсуствуваат од училиште
- Подобрени односите меѓу училиштето и општеството
- Зголемување на родителската поддршка за училишни иницијативи и програми
- Зголемен број на материјални и финансиски донации и услуги на училиштето

[31] *Ten Key Strategies for Effective Partnerships* http://www.nea.org/assets/docs/Family-School-Community-Partnerships-2.0.pdf стр. 16

- Подобрено мислењето на родителите за училиштето и зголемена почитта на родителите спрема наставниците и училиштето.[32]

### 5.4.5. Родителски состаноци

Родителските состаноци се традиционална форма за остварување на контакт помеѓу наставниците и родителите и според законските нормативи тие се задолжителни и се дел од работата на одделенските и класните раководители.

Преку нив се изградуваат интерперсонални односи помеѓу наставниците, родителите и учениците. Родителските состаноци најчесто се одржуваат за секое одделение посебно, иако понекогаш се практикува и заеднички родителски состанок кога се работи за тема која е заедничка за повеќе одделенија. За да родителските состаноци бидат ефикасни потребно е добро да се подготват и да се испланира времетраењето, содржината на состанокот, методите и средствата, просторот и пред се заклучокот.

Родителските состаноци може да имаат карактер на:

1. Општи родителски состаноци
2. Одделенски- класни состаноци и
3. Индивидуални состаноци

#### 5.4.5.1. Општи родителски состаноци

Општите родителски состаноци најчесто се свикуваат кога треба да се разговара за плановите и работата на училиштето, кога е во прашање некој поголем финансиски зафат на училиштето, кога се разгледуваат општите фактори за успехот на учениците и друго. За успехот на ваквите општи родителски средби потребни се повеќе фактори: утврдување на време кога највеќе им одговара на сите присутни учесници, утврден дневен ред за да можат родителите со однапред

[32] The Teacher's Role in Home/School Communication: Everybody Wins http://www.ldonline.org/article/28021/

подготвен концепт да дојдат на таквите средби и да земат активно учество и др. На ваквите средби родителите се во улога да даваат предлози за тоа што тие сакаат да го видат како промена во училиштето, и ги истакнуваат своите забелешки кои можат да бидат прифатени, но може да бидат и отфрлени.

#### 5.4.5.2. Одделенски- класни состаноци

Одделенските- класни состаноци можеби имаат и најголема улога во соработката меѓу наставниците, родителите и стручно педагошката служба. Најчесто одделенските состаноци се свикуваат со цел родителите да дознаат за успехот и поведението кое го постигнал ученикот во текот на одреден временски период. За да биде поуспешен ваквиот состанок, наставникот пред се треба добро да го осмисли целиот тек на состанокот. На ваквите состаноци родителите се запознаваат со методите, облиците и техниките на наставата. Најчесто ваквите запознавања се вршат на почетокот на учебната година, но многу често поради отсуството на некои родители и одржувањето на родителските средби во некомплетен состав, потребно е кратко наведување на основните методи и техники кои се користат во наставата и на наредните родителски состаноци.

Често на ваквите родителски состаноци е присутен и самиот педагог во училиштето, се со цел да ги запознае родителите подобро.

#### 5.4.5.3. Индивидуални состаноци

Индивидуалната комуникација на родителот со наставникот на ученикот е првиот индикатор за непосредна грижа на родителот за неговото дете и конкретна акција на наставникот за напредок на секој ученик поединечно. Преку индивидуалните состаноци наставникот може да да ги увиди и да се запознае со ставовите и мислењето на родителите и стовремено да создаде пријателски однос со родителот. Од друга страна пак преку индивидуалниот состанок родителот добива информации од наставникот за своето дете, неговите резулати, постигнувања и напредок, однесувањето и друго.

Индивидуалните состаноци најчесто се практикуваат во случаи со проблематични ученици или во ситуации од чувствителна природа и бараат разрешување без присуство на други личности. Ваквиот вид на комуникација во повеќето случаи е попогоден и за самите родители бидејќи насамо можат поотворено да зборуваат за проблемот кој треба да се реши. Ваквите состаноци најчесто се одвиваат со присуство на педагогот кој би бил постручен за решавање на проблемот. Како што напоменавме најчесто ваквите состаноци се однесуваат на намален успех на ученикот, појава на девијантно и несоодетно однесување на часот и во училиштето, навреди и физички пресметки со останатите ученици.

Предноста на индивидуалните состаноци е во непосредниот контакт со наставникот кој овозможува подобра комуникација и решавање на проблемите доколку постојат, но од друга страна пак овие состаноци долго траат и потребно е многу време за да може наставникот да разговара со сите родители поединечно. Што се однесува до местото, индивидуалните состаноци може да се остварат во училиштето, при домашни посети во домот на ученикот или пак наставникот може да и се обрати на родителите писмено. Најчесто состаноците се остваруваат во училиштето во точно определен ден и час. Многу поретко оваа комуникација се остварува писмено, а најретко скоро и никогаш се остварува во домот на родителите.[33]

### 5.4.6. Ден за посета на родителите на училиштето

Основната цел за воведување на таканаречениот “Ден на родителите“ е да се донесат родителите во училиштето и да се обезбеди континуитет во посетување на училиштето. Можноста родителите да присуствуваат на часовите, давањето шанса да се види како работи наставникот, колку активно учествуваат учениците, каква е дисциплината на часот е од особено значење за самите родители. Со ваквиот начин на соработка самите родители се оспособуваат да се вклучат активно во соработката со училиштето во сферата на наставата, во вонаставните

[33] Zuzic, S., *Suradnja roditelja I skolje*, http://www.ssmb.hr/libraries/0000/6708/Suradnja_roditelja_i_%C5%A1kole__Slavica_%C5%BDu%C5%BEi%C4%87_-_pdf.pdf стр.3

активности или пак во следењето, унапредувањето и вреднувањето на воспитно-образовната дејност.

Истовремено самите родители сметаат дека успехот на нивните деца е зголемен поради нивното зголемено присуство во училиштето. Колку почесто тие го посетуваат училиштето, толку повеќе се зголемува и успехот и се подобрува поведението и однесувањето на децата. Бидејќи е јасна поврзаноста на партнерството со родителите со постигнатите резултати на учениците, нивната редовност и однесување , повеќе од неопходно е училиштето да превземе чекори за нивно инволвирање во воспитно- образовниот процес. За таа цел потребно е во училиштето да се креира позитивна училишна клима која ќе им овозможи на родителите пријатно да се чуствуваат во училишните простории, а кон нив да се гледа со почит и доверба.

За да се овоможи соодветна училишна клима во училиштето потребно е самиот директор, кој најчесто е иницијатор, да го едуцира целиот кадар за тоа или да организира таков вид на едукација. Слична едикација е потребна и за родителите од причина што дури и да сакаат да партиципираат во училиштето на своето дете не знаат на кој начин да го направат тоа или во кои сегменти би можеле да се вклучат.[34] Преку нудење на информациии организирање работилници родителите може да научат како да се вклучат и што се работи во училиштето на нивното дете.

Училиштето би требало да ги превземе следните чекори за да воспостави позитивна училишна клима која ќе ги охрабрува родителите за инволвирање[35]:

- да развие план за унапредување на партнерството со родителите
- да состави прашалник за родителите со кој ќе се утврдат нивните можности и видувања за партиципирање во училиштето

[34] Стоилковска, А. (2004), „Преку партнерство со родителите до подобра училишна клима", *Образовни рефлексии*, Скопје: Биро за развој на образованието
[35] http://www.ncrel.org/sdrs/areas/issues/envrnmnt/tamncomm/pa300htm

- да ги осознае и усвои потребните вештини за работа со родителите и семјствата
- да изнајде начини со кој ќе стане продолжение на семејството, односно да обезбеди континуитет помеѓу двете средини.

### 5.5. Едукација- обука на наставниците и родителите

Секое училиште кое ќе успее да ги донесе родителите во нивните работни простории ќе ги подобри и училишните услови, затоа секое училиште треба да обезбеди подобри услови и добра атмосфера за родителите.

Според директорите на училиштата потребни се обуки како за родителите така и за наставниците. Бидејќи културата на комуникацијата кај нас е на многу ниско ниво, наставниците мора да се обучат како да комуницираат и да пронајдат модели на соработка со родителите. Мора да се подобри информирањето на родителите за тоа што се случува во училиштата. Наместо да се насочуваат родителите само кон интерес за успехот на нивните деца, потребно е нивното внимание да се насочи и кон тоа да предлагаат иницијатици и да учествуваат во реализација на разни активности поттикнати од страна на училиштето.[36] Едукацијата на родителите може да се направи преку разни обуки, семинари и предавања, за изнаоѓање воспитни методи и мерки за подобрување на успехот на учениците, превенција на малолетничката деликвенција и друго.

Заради ова Стоилковска предлага обука на наставниот кадар во правец на охрабрување и прифаќање на родителите во училиштето и развивање на потребните вештини од страна на наставниците. Заради ова неопходно е да се обучат родителите согласно потребата за нивно вклучување во училишните активности и начините како тоа да се направи.

---

[36] Атанасов, П. Вклученоста на родителите во образованието во Македонија: „Алката што недостига" http://www.see-educoop.net/aeiq/reports/macedonia_report.pdf

Според тоа училиштето треба да и превземе следниве чекори во правец на создавање позитивни услови што ќе го охрабри вклучувањето на родителите во училишните активности:

- Развивање на план за подобрување на партнерството со родителите;
- Дизајнирање прашалник за родители со што ќе се осознаат можностите и ставовите за нивно вклучување;
- Да се пронајдат и усвојат потребните вештини за работа со родителите и семејствата на учениците
- Да се пронајдат начини како да се стане продолжеток на семејството, да се обезбеди континуитет меѓу двете средини.

Училиштето ги едуцира и известува родителите редовно преку соопштенија и веб страната на училиштето. Стручната служба секојдневно обавува советодавно-консултативни разговори со родителите, а преку советодавната работа со родителите наменски и со целна група врши едукација на родителите од учениците кои имаат слаб успех, кои имаат голем број на изостаноци и кои покажуват асоцијално однесување.

## 5.6. Нансен модел за интегрирано образование

Нансен моделот за интегрирано образование (НМИО) е нов модел за образование во Република Македонија кој овозможува успешна интеграција на учениците, родителите и наставниците од различните етнички заедници преку современ воспитно образовен процес. Како една од придобивките на овој модел е посебна годишна програма за соработка со родителите која ја промовира нивната активна улога во училиштето и ја поттикнува навиката за континуирано учење и стекнување на вештини, ја зајакнува соработката помеѓу родителите и наставниците од различни етнички заедници. [37]

Оваа соработката на родители и наставници од различни национални заедници е многу битна во нашиот образовен процес бидејќи живееме во такво мултиетничко

[37] Нансен модел за интегрирано образование, http://www.nmie.org/index.php/mk/nansen-model/za-nansen-modelot

општество што на некој начин самото општество и начинот на живот ни налага да дознаеме повеќе за другите националности со цел да можеме да оствариме поквалитетна меѓусебна комуникација и соработка.

Со цел активно интегрирање и соработка со родитлите од Нансел дијалог центар имаат подготвено посебна програма за работа со родителите, која што предвидува различни форми на активности со цел конструктивна соработка на релација: родител- училиште- стручен тим- менаџмент на училиштето, но и отворена и флексибилна комуникација во текот на целата учебна година.

Главни цели на оваа програма се унапредување на соработката и довербата на родителите кон училиштето и наставничкиот тим, промовирање на активна улога на родителите во осмислувањето, изведувањето и евалуирањето како на наставните, така и на вонна наставните активности и зајакнување на соработничките односи помеѓу родителите со различно етничко, верско и културно потекло.

Програмата за соработка со родителите предвидува спроведување на повеќе едукативно- креативни работилници коишто ќе го овозможат активносто учество на родителите во внимателното следење на севкупниот детски развој и сите негови фази, стадиуми и особености. Покрај едукативните работилници, предвидени се и голем број на други активности со родителите како што се креативни работилници, отворени денови, семејни прослави на роденденди во училиштето, одбележување на верските празници во рамките на семејството кај некој од учениците, заедничко изведување на екскурзии, излети, организирање на приредби и друго. На овој начин родителите стануваат партнери на училиштето при изборот и обликувањето на содржините и активностите. Во средината каде што има услови и интерес, за родителите се организираат разни видови на обуки, како поддршка за доживотно образование. Значаен придонес родителите континуирано пружаат и преку волонтерското вклучување во различни активности како што се уредување на училишниот двор, менување на покривот на училиштето и слично, со што се добива јасна потврда дека интегрирани училишта

се важен дел на локалната заедница, односно дека истите се двигатели на позитивни примери и настани во рамки на општината.[38]

Во останатите држави, во некои училишта натавниците за време на викендите спроведуваат работилници со родителите за да разговараат, да им објаснат и да им помогнат како полесно тие самите да им помогнат дома на своите деца во решавањето на домашните задачи. Од оценките добиени од истражувањето, како резултат на овие викенд работилници, родителите се чуствуваат поудобно во училиштето и се со поголема веројатност да присуствуваат и на идните активности спроведени од наставниците или училиштето, за разлика од оние родители кои не учествувале на работилниците.[39]

## 6. Форми на соработка на училиштето со родителите според годишните програми за работа на основните училишта во Македонија

За остварување на успешна соработка на училиштето со родителите на своите ученици, секое училиште во својата годишна програма за работа предвидува посебен дел за вклучување на родителите во активностите на училиштето. Вклучувањето на родителите е од големо значење за унапредувањето на самото училиште како и за подобрување на успехот на учениците.

Во изготвувањето план за соработка на училиштето со родителите треба да се вклучат што поголем број на родители, претставници од управните и стручните органи на училиштето, стручно педагошката служба на училиштето. Сите тие учествуваат во изготвувањето на планот со свои предлози. Изготвувањето на планот може да го координира тим составен од родители и наставници кои ќе ја спроведуваат активноста.

---

[38] Нансен модел за интегрирано образование, (2012) *„Прирачник за родители"*, Нансен дијалог центар, Тим за едукација, обука и развој, Скопје

[39] Westmoreland, H., Rosenberg, H., Lopez, E. & Weiss, H. (2009). Seeing is believing: Promising practices for how school districts promote family engagement. Issue Brief, Harvard Family Research Project & National PTA. www.hfrp.org/content/download/3420/98238/.../SeeingIsBelieving.pdf

Родителите се вклучени и партиципираат при давање на идеи, предлози и донесување на одлуки, преку Совет на родители, родителски средби и училишниот одбор. Работата на Советот на родители придонесува за осовременување на условите за работа и унапредување на реализација на наставата и вонаставните активности во училиштето. Советот на родителии се ангажира за подобрување на успехот и поведението на учениците, односот на ученикот со наставникот и соучениците, намалување на исостаноците, осовременување на наставата и нејзино прилагодување на потребите на учениците.

За работатата на советот на родители во училиштата се подготвува посебна програма со која се утврдуваат задачите и активностите како што се:

- Поддршка на приоритетите задачи што ги реализира училиштето, а се од интерес за учениците и социјалната средина
- Активна соработка со донаторски и хуманитарни оргнизации
- Помош и поддршка во одржувањето на училишните згради
- Разгледување на Годишната програма за работа на училиштето
- Давање на предлози и мислење за подобрување на условите за работа во училиштето
- Запознавање со проекти што се спроведуваат во училиштето
- Запознавање со успехот на учениците на тромесечје и полугодие и на крај на учебната година
- Давање предлози и мислења за подобрување на успехот и поведението на учениците
- Вклучување во подготовките за Патрониот празник на училиштето
- Вклучување и организирање на приредби и прослави од страна на учениците по повод значајни датуми
- Разгледување на Годишниот извештај за работата на училиштето и давање на предлози и мислења за наредната учебна година[40]

[40] Програма за работа на Советот на родители, Годишна програма на ОУ „Никола Карев" Кочани за учебната година 2012-2013 година

Училиштето редовно ги известува и едуцира родителите преку соопштенија, брошури, веб страната на училиштето. Стручната служба секојдневно обавува советодавно- консултативни разговори со родителите, а преку советодавната работа со родителите наменски и со целна група врши едукација на родителите од учениците кои имаат слаб успех, кои имаат голем број изостаноци и кои покажуваат асоцијално однесување. Исто така пред почетокот на учебната година училиштето формира тим за подготовка и реализација на брошурата, се подготвува и печати и се дели на родителите на првата општа родителска средба.

Советот на родители учествува и во запознавање и во донесување на одлуки за спроведени јавни набавки (екскурзии, осигурување, ужинка, топол оброк, униформи).

## 7. Релевантни истражувања

Вклученоста на родителите во образованието е тема за која во Македонија има малку пишувано и тема во која мал број реализирани активности. Според Стоилковска (2004) училиштата треба да бидат отворени за соработка со родителите и да користат различни форми на комуницирање со родителите и различни начини на вклучување на родителите во училишниотживот за да се постигне воспитно- образовниот процес во училиштата.

Истражувањето за „Вклученоста на родителите во училишниот живот" се одвивало од Мај до Декември 2009 година во две фази.

Во првата фаза од ова истражување се спроведни 6 фокус групи со родители на деца во основно образование. Фокус групите се спроведени со родители Македонци од урбана средина, родители македонски кои се членови на Советот на родители, фокус група спроведена со родители албанци, родители Роми и родители на деца со посебни потреби.

Во втората фаза на ова истражување се анкетирани родители од целата земја и директори на основните училишта. Во истражувањето биле опфатени 1164 родители и 32 директори.

Резултатите од спроведеното истражување се прикажани во следниве табели:

| | Родители | Совет на родители/ училишен одбор | Родители Роми | Совет на родители/ училишен одбор од училиштата со родители Роми | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Регион** | | | | | |
| **Скопје** | 280 | 33 | 28 | 3 | 344 |
| **Североисток** | 213 | 26 | 33 | 5 | 277 |
| **Северозапад** | 228 | | 28 | | 256 |
| **Југоисток** | 56 | | 30 | | 106 |
| **Југозапад** | 141 | | 40 | | 181 |
| **Вкупно** | **938** | **59** | **159** | **8** | **1164** |
| **Рурална/урбана средина** | | | | | |
| **Урбана** | 599 | 59 | 73 | 8 | 739 |
| **Рурална** | 339 | | 86 | | 425 |
| **Вкупно** | **938** | **59** | **159** | **8** | **1164** |

Табела 1. Број на родители вклучени во истражувањето по регион и рурална/урбана средина.

| | Директори на училишта | Директори на училишта со голем број ученици Роми | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Регион** | | | |
| **Скопје** | 6 | 1 | 7 |
| **Североисток** | 6 | 1 | 7 |
| **Северозапад** | 6 | | 6 |
| **Југоисток** | 5 | | 5 |
| **Југозапад** | 7 | | 7 |
| **Вкупно** | **30** | **2** | **32** |
| **Рурална/ урбана средина** | | | |
| **Урбана** | 15 | 2 | 17 |
| **Рурална** | 15 | 0 | 15 |
| **Вкупно** | **30** | **2** | **15** |

Табела 2. Број на директори вклучени во истражување по регион и рурална/ урбана средина

Резултатите од фокус групите од ова истражување покажале дека родителите имаат впечаток дека не се доволно вклучени во училишниот живот. Родителите сметаат дека одлуките во образовниот систем се премногу централизирани што претставува пречка за нивно активно вклучување во училишниот живот. Голем дел од родителите дури сметаат дека политичките влијанија при донесувањето одлуки во училиштата е голема пречка за нивно вклучување во училишниот живот.

Генерално ова истражување покажува дека родителите се задоволни од соработката со наставничкиот кадар во училиштата меѓутоа таквата соработка повторно се поврзува само со успехот и дисциплината на нивните деца, а многу малку со други видови на родителска партиципација во училишниот живот. Комуникацијата на родителите со стручната служба во училиштата е многу ретка и главно се одвива во насока на решавање на одредени проблеми поврзани со нивните деца. Исто така родителите се изјасниле дека би сакале да бидат повеќе вклучени во училишниот живот, но потребни им се дополнителна мотивација, вештини и информации како точно тоа треба да го сторат. Како посебна група на родители кои имале поголеми пречки при вклучувањето во училишниот живот се издвојуваат родителите Роми кои сеуште се соочуваат со надминување на пречките во комуникацијата со училиштата.[41]

Невладината организација (НВО) Catholic Relief Services (CRS) во повеќе држави од Југоисточна Европа спровела „Програма за родителско училишно партнерство" која постигнала позитивни резултати. И покрај тоа што многу родители на почетокот на програмата не се гледале себе си како важен фактор во образованието на децата сепак со текот на програмата биле основани 500 родителско- училишни совети.

Во Македонија оваа програма била спроведена во 56 основни училишта како дел од реформите во образовниот процес и имала за цел прмовирање на улогата на родителите во училиштата и нивната вклученост и поддршка на учениците и на

[41] Томовска, А. (2009), Вклученоста на родителите во образованието (Истражување)

наставниот кадар. Програмата имала задача да ги зајакне капацитетите на родителските совети во училиштата заради нивно активно вклучување во животот и работата во училиштата и подобрување на квалитетот на образованието преку вклучување на родителите. Специјални цели биле: зголемувањето на свеста за важноста, активната вклученост и поддршката на родителите и локалната заедница во подобрувањето на воспитно/ образовниот процес, зајакнување на соработката и комуникацијата на учениите, родителите, советот на родители, директорите и менаџерскиот тим во некои училишта во Македонија, подобрување на условите за работа на определен број на училишта во Македонија. Како резултат на оваа програма во Македонија се истакнуваат трите мрежи на родителски совет во Охрид, Битола и Струмица.[42]

Во Македонија истражувањата покажале дека партнерството на училиштата со родителите придонесува за побрз воспитен/ образовен развој на учениите.

Истражувањата покажуваат дека училиштата најтешко комуницираат со родителите чиишто деца се најпроблематични, а често се сретнуваат и проблематични родители со кои тешко се комуницира.

Од друга страна пак во истражувањето спроведено од National School Public Relations Association (NSPRA) со кое се анкетирани 43 310 испитаници во 22 земји, е дојдено до заклучоци за тоа како и на кој начин училиштата односно наставниците да ги развијат своите стратегии за комуникација со родителите. Она што е интересно од ова истражување е тоа што самите родители имаат посочено на кој начин сакаат да комуницираат со наставниците и со училиштето. За добивање на училишните новости победник е комуникацијата преку интернет односно комуникација преку е-маил со училиштето, онлајн родителски форум, училишен електронски весник, веб страна на училиштето и смс пораки. Што се однесува до содржината на она за што сакаат да бидат известувани во истражувањето е дојдено до следниве податоци: информирање за напредокот на децата и како тие напредуваат, информации за тоа што се очекува од нивните деца да научат во

[42] Атанасов, П. Вклученоста на родителите во образованието во Македонија „Алката што недостига": http://www.see-educoop.net/aeiq/reports/macedonia_report.pdf

текот на годината и информации за домашните задачи и оценките, кратка информација за училишната програма, информации за престојните настани во училиштето, промени во наставните планови и програми. Од страна на National School Public Relations Association сепак напоменуваат дека за да се сознае на кој начин би се подобрила комуникацијата и соработката на родителите со наставниците и училиштето, потребно е секое училиште посебно да спроведе свое истражување.[43]

[43] What Parents Want in School Communication http://www.edutopia.org/blog/parent-involvement-survey-anne-obrien

## II Дел - Методолошки пристап кон предметот на истражување

### 1. Предмет на истражувањето

Освен семејството голема улога во воспитувањето на децата има и самото училиште бидејќи децата секојдневно одреден дел од времето го поминуваат на училиште, каде што пример на однесување е самиот наставник. Бидејќи секое дете потекнува од различен тип на семејство наставникот е тој кој треба да му даде поддршка на детето. Од таа причина родителите на учениците треба да бидат запознаени во кои активности можат да се вклучат и да земат активно учество со цел подобрување на работата на училиштето.

Од големо значење е соработката која родителите ја остваруваат со стручно педагошката служба во училиштето. И покрај тоа што најчесто оваа соработка е поинтензивна кај родителите со проблематични ученици, ученици со недолично однесување и ученици со послаб успех, сепак и соработката на родителите на останатите ученици треба да се зацврсти.

Зафатеноста на родителите, преголемите работни обврски, незаинтересираноста, па дури и неинформираноста се само дел од причините зошто родителите не се целосно вклучени во активнстите на училиштето.

Во програмите за работа на училиштата во Р. Македонија се набројани *активностите во кои родителите се вклучени во образовниот процес и на кој начин* соработуваат со наставниците и со стручно педагошката служба. Затоа <u>предмет на ова истражување е соработката на семејствата со стручно- педагошката служба во училиштата.</u>

### 2. Цел на истражувањето

Целта на ова истражување е унапредување на педагошката комуникација помеѓу семејствата и воспитно образовниот процес. Преку спроведеното истражување треба да се утврди колкава е соработката меѓу наставниците и

стручно педагошката служба со родителите на учениците од третиот образовен циклус, односно учениците од седмо, осмо и деветто одделение од четирите основни училишта во Кочани.

Со ова истражување исто така се планира да се утврди дали на соработката меѓу родителите и стручно педагошката служба влијае и заинтересираноста на самите родители да соработуваат, колку училиштето е отворено за соработка и на кое ниво е соработката.

## 3. Карактер на истражувањето

Ова истражување ќе има квалитативен и квантитативен карактер.

Квалитативно ќе се обработуваат податоците добиени од испитување на законската регулатива на семејството во воспитно образовниот процес, како и одговорите на прашањата од комбиноран тип од прашалникот наменет за сите три категории на испитаници (наставници, родители и педагошката служба).

## 4. Задачи на истражувањето

Целта ќе се оствари преку повеќе задачи, разновидни по содржина и значење. Нивната реализација претставува своевидна поддршка за остварување на општата цел на ова истражување.

Задачи на ова истражување се:

1. Испитување на законската основа за вклучување на семејството во воспитно образовниот процес;

2. Испитување на облиците на соработка во актуелно воспитно образовната пракса;

3. Испитување на ставовите на наставниците за вклучување на семејството во воспитно образовниот процес;

4. Испитување на ставовите на стручно педагошката служба за вклучување на семејството во воспитно образовниот процес;

5. Испитување на ставовите на стручно педагошката служба за вклучување на семејството во воспитно образовниот процес.

## 5. Хипотези

Генерална хипотеза: Се претпоставува дека во воспитно образовниот процес се остварува ефикасна комуникација со семејствата.

1. Постојат законски регулативи за вклучување на родителите во воспитно образовниот процес;

2. Во актуелната воспитно образовна пракса се реализираат разни форми на вклучување на семејството во воспитно образовниот процес;

3. Наставниците имаат позитивни ставови за потребата од вклучување во воспитно образовниот процес;

4. Педагошката служба има позитивни ставови за потребата од вклучување во воспитно образовниот процес;

5. Родителите имаат позитивни ставови за потребата од вклучување во воспитно образовниот процес.

## 6. Методи

Во ова истражување ќе бидат употребени следниве методи: аналитичка, синтетичка, дескриптивна метода.

Аналитичката метода во ова истражување ќе се користи при проучување на законската регулатива при толкување на резултатите добиени од истражување на ставовите на субјектите релевантни во оваа проблематика.

Синтетичката метода ќе се користи при генерализирање на општите сознанија добиени при ова истражување.

Аналитичко- синтетичките методи ќе бидат пропратени со дескриптивната метода застапена во процесот на опишување на добиениот резултат и коментарите на истражувачот во врска со нив.

## 7. Техники

Во ова истражување ќе се користат повеќе разновидни техники соодветни на барањата за реализација на поставените задачи и остварување на целите и тоа:

- работа со педагошка документација- при испитување на законската регулатива на вклученоста на семејството во воспитно образовниот процес
- Техника на анкетирање

При користење на педагошката документација ќе се земат во предвид годишните програми за работа на четирите основни училишта во Кочани, со цел да се утврди дали и колку е предвидена соработка и вклучување родителите на учениците со училиштето и во самите активности во училиштето.

Со техниката анкетирање ќе се испитуваат ставовите на родителите и нивното задоволство и интерес од вклучување во активностите кои ги има училиштето. Ќе се испитуваат и ставовите на наставниците за тоа колку родителите и наставниците меѓусебно соработуваат и колку самите родители покажуваат заинтересираност за соработка со наставниците. Од аспект на стручно педагошката служба ќе се испитува колку годишната програма на училиштето предвидува активности во кои ќе бидат вклучени и родителите на учениците и колку родителите покажуваат интерес да се вклучат во работата на училиштето.

## 8. Примерок на истражувањето

Примерок на ова истражување ќе биде намерен- пригоден. Во истражувањето ќе бидат опфатени сите девтогодишни основни училишта во

Кочани односно во О.У. „Кирил и Методиј“, О.У. „Малина Поп Иванова“, О.У. „Никола Карев“, О.У. „Раде Кратовче“. Ќе бидат опфатени по две паралелки од третиот образовен циклус, односно седмо, осмо или деветто одделение, или вкупно 24 паралелки, 24 класни раководители и 240 родитела. Во примерокот се вклучени и стручно педагошката служба во училиштата.

| Училиште | Одделение | Паралелка | Родители | Наставници | Стручно-педагошка служба |
|---|---|---|---|---|---|
| О.У. „Кирил и Методиј“ | VII | VII-1 | 10 | 1 | Педагог |
| | | VII-2 | 10 | 1 | Психолог |
| | VIII | VIII-1 | 10 | 1 | |
| | | VIII-2 | 10 | 1 | |
| | IX | IX-1 | 10 | 1 | |
| | | IX-2 | 10 | 1 | |
| О.У. „Раде Кратовче“ | VII | VII-1 | 10 | 1 | Педагог |
| | | VII-2 | 10 | 1 | Психолог |
| | VIII | VIII-1 | 10 | 1 | |
| | | VIII-2 | 10 | 1 | |
| | IX | IX-1 | 10 | 1 | |
| | | IX-2 | 10 | 1 | |
| О.У. „Малина Поп Иванова“ | VII | VII-1 | 10 | 1 | Педагог |
| | | VII-2 | 10 | 1 | Психолог |
| | VIII | VIII-1 | 10 | 1 | |
| | | VIII-2 | 10 | 1 | |
| | IX | IX-1 | 10 | 1 | |
| | | IX-2 | 10 | 1 | |
| О.У. „Никола Карев“ | VII | VII-1 | 10 | 1 | Педагог |
| | | VII-2 | 10 | 1 | Психолог |
| | VIII | VIII-1 | 10 | 1 | |
| | | VIII-2 | 10 | 1 | |
| | IX | IX-1 | 10 | 1 | |
| | | IX-2 | 10 | 1 | |
| Вкупно | 12 одделениа | 24 паралелки | 240 родитела | 24 одделенски раководители | 4 педагози 4 психолози |

## 9. Инстументи на истражувањето

- Протокол за испитување на законската регулатива
- прашалник, скалер за наставниците

- прашалник, скалер за стручно- педагошката служба
- прашалник, скалер за родителите

### 10. Опис на инстументи

За потребите на ова истражување ќе бидат користени анкетни прашалници (Прилог 1) за родителите, стручно педагошката служба во горенаведените училишта и класните раководители од третиот образовен циклус. Анкетните прашалници наменети за наставниците содржат и стручно педагошката служба се состојат од 13 прашања од затворен тип, а анкетниот прашалник за родителите содржи 16 прашања.

## III Дел - Анализа и интерпретација на податоците добиени од истражувањето

### 1. Обработка на податоците

Истражувањето е спроведено во четирите основни училишта во Кочани во VII-1 и VII-2, VIII-1 и VIII-2, IX-1 и IX-2, на тој начин што прашалниците се поделени на родителите по случаен избор и истите родителите ги имаат пополнето дома, освен во ОУ „Никола Карев“ каде прашалниците ги имаат пополнето родителите за време на родителска средба оддржана во училиштето.

Од анализираните податоци добиени од родителите кои ги пополниле дома и податоците добиени од родителите кои ги пополниле прашалниците на родителската средба пред одделенскиот раководител, односно родителите од ОУ. „Никола Карев“ може да се забележи разлика во одговорите. Можеби родителите сепак од недовреба и со сомнеж дека одделенскиот раководител ќе ги провери одговорите, одговарале неточно, на одредени прашања кои се однесуваат на соработката и задоволството од работата на наставникот.

Освен во ОУ „Никола Карев“ каде прашалниците се пополнуваа за време на родителската средба и се пополнети и вратени сите прашалници кај одделенските раководители, од останатите училишта недостасуваат прашалници кои родителите не ги пополниле и не ги доставиле до одделенските наставници. Бројот на пополнети прашалници по одделенија и училишта е прикажан во табела бр.1

| | VII-1 | VII-2 | VIII-1 | VIII-2 | IX-1 | IX-2 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ОУ. „Кирил и Методиј“** | 10 | 10 | 10 | 9 | 10 | 8 | **57** |
| **ОУ. „Раде Кратовче“** | 9 | 7 | 8 | 7 | 10 | 7 | **48** |
| **ОУ. „Никола Карев“** | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | **60** |
| **ОУ. „Малина Поп Иванова“** | 10 | 8 | 10 | 7 | 8 | 9 | **52** |
| **Вкупно** | **39** | **35** | **38** | **33** | **38** | **34** | **217** |

Табела бр.1 Број на пополнети прашалници по одделенија и училишта

Според оваа табела можеме да забележиме дека најмногу, односно сите прашалници се одговорени и вратени од ОУ „Никола Карев“, затоа што истите се одговорени за време на родителската средба, додека најмалку одговорени прашаници имаме добиено од ОУ „Раде Кратовче“ односно од вкупно 60 прашалника одговорени се само 48 (80%). Доколку ја погледнеме табелата можеме да забележиме дека родителите од VII-1 одделение имаат вратено 39 односно 97,5% од вкупно 40 прашалника, а најмалку имаат вратено родителите од VIII-2 одделение 82,5%.

Во основните училишта во Кочани најголемиот дел од учениците се од македонска националност, а мал број на учениците се од ромска и турска националност. Најголем број на деца од ромска националност има во основните училишта „Раде Кратовче“ и „Малина Поп Иванова“, а помал број и во останатите две училишта. Во сите училишта бројот на деца од турска националност е многу мала и изнесува од 2 до 15 деца во едно училиште. Во пополнувањето на прашалниците не се правеше разлика на основа на национална припадност, туку

напротив прашалниците беа поделени на родители од сите националности. Добиените одговори од спроведеното истражување и резулататите беа разновидни во согласност со размислувањата, задоволството и вклученоста на родителите во училиштето.

Прашањата од анкетните прашалници кои беа наменети за родителите на учениците се однесуваа на прашања поврзани со задоволството од сорабтката со класниот раководител, соработката со стручно педагошката служба и вклученоста во активностите во училиштето.

Прашањата од анкетниот прашалник наменети за класните раководители се однесуваа на видот на соработка и задоволството од соработката со родителите, како и активностите во кои се вклучени родителите и ставот на наставниците за вклучувањето на родителите во воспитно образовниот процес.

Прашањата наменети за стручно педагошката служба се однесуваат на тоа колку и на кој начин соработуваат со родителите и колку тие се вклучени во активностите кои се спроведуваат во училиштето.

## 2. Анализа и интерпретација на резултатите од разгледување на законските регулативи за проверка на хипотеза 1

Х1: Постојат законски регулативи за вклучување на родителите во воспитно образовниот процес

Според Законот за основно образование на Македонија предвиден е дел за вклучување на родителите во воспитно образовниот процес преку формирање на Совет на родители, се формира од по еден родител од секоја паралелка, за организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште (чл.145). Советот на родители ја следи, разгледува и дава мислење за остварување на воспитно- образовната работа на училиштето.

Според член 124 од Законот за основно образование орган на управување на основното училиште е училишниот одбор во кој се вклучени тројца претставници од родителите на учениците. Претставниците на родители ги бира Советот на родители непосредно и тајно (чл. 125) и на тој начин директно се вклучени во донесувањето на најважните одлуки за училиштето.

Освен во Законот за основно образование, потребата за поактивно вклучување на родителите во училиштето е нагласена и во Националната стратегија за развој на образованието 2005- 2015, како и во Концепцијата за деветгодишно основно образование. Училиштата имаат одредено денови за разговор со родителите. Кога има потреба родителите можат да дојдат во училиштето да разговараат непосредно со наставникот/ учителот за успехот на детето и да направат план како да му помогнат. За постигнување на оваа цел наставниците и родителите имаат редовна соработка и таквата соработка се втемелува во училишната практика.[44]

Родителите имаат право да добиваат информации за работата и животот на учениците во училиштето, да се запознаат со постигнувањата во наставата и другите активности. Во согласност со програмата за работа тие можат да учествуваат и во реализација на одделни содржини со учениците во училиштето и други слични активности кои имаат значење за воспитанието и образованието.

Оттука можеме да заклучиме дека постојат законски регулативи за вклучување на родителите во воспитно образовниот процес и со ова ***се потврдува хипотеза 1.***

[44]Соработка со родителите, Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието (2007) стр.51

## 3. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од годишните програми за работа на основните училишта за проверка на хипотеза 2

Х2: Во актуелната воспитно образовна пракса се реализираат разни форми на вклучување на семејството во воспитно образовниот процес

Основните училишта во Кочани имаат годишна програма за работа во која се предвидени сите активности кои треба да се реализираат во текот на учебната година. Во годишните програми за работа, училиштето има одвоено посебен дел за соработка со родителите.

Согласно Законот за основно образование секое училиште има формирано Совет на родители и училишен одбор. Во Советот на родители има по еден родител од секое одделение во училиштето, а во училишниот одбор има тројца родители избрани од Советот на родители. Родителите вклучени во советот на родители и училишниот одбор на состаноците кои ги имаат учествуваат во донесување на решенија и одлуки во однос на сите субјекти во училиштето и решавање на проблеми.

| **Прашање: Дали сте или сте биле дел од училишниот одбор или советот на родители** | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Одделение | | | | | | | | | | | | | | | |
| | VII | | | | VIII | | | | IX | | | | Вкупно | | | |
| | Да | | Не | | Да | | Не | | Да | | Не | | Да | | Не | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | F | % | f | % |
| **ОУ „Кирил и Методиј“** | 4 | 33,3 | 16 | 25,8 | 2 | 14,3 | 17 | 29,8 | 2 | 22,2 | 16 | 25,4 | 8 | 22,8 | 49 | 26,9 |
| **ОУ „Раде Кратовче“** | 3 | 25,0 | 13 | 21,3 | 3 | 21,4 | 12 | 21,0 | 3 | 33,3 | 14 | 22,2 | 9 | 25,7 | 39 | 21,4 |
| **ОУ„Малина Поп Иванова“** | 3 | 25,0 | 15 | 24,6 | 3 | 21,4 | 14 | 24,6 | 4 | 44,5 | 13 | 20,3 | 10 | 28,6 | 42 | 23,1 |
| **ОУ„Никола Карев“** | 2 | 16,7 | 18 | 29,3 | 6 | 42,9 | 14 | 24,6 | 0 | 0,0 | 20 | 31,5 | 8 | 22,9 | 52 | 28,6 |
| **Вкупно** | 12 | 100 | 62 | 100 | 14 | 100 | 57 | 100 | 9 | 100 | 63 | 100 | 35 | 100 | 182 | 100 |

Табела бр. 2 Број на испитани родители кои се или биле дел од училишниот одбор или советот на родители

Според оваа табела можеме да воочиме дека од вкупно 217 родители колку што биле испитани 35 родители биле или сеуште се дел од Советот на родители во училиштето. Ниту еден родител не одговорил дека е или бил дел од училишниот одбор. Најголем број од родителите кои биле дел од Советот на родители се од ОУ „Малина Поп Иванова", а гледано според одделенија најмногу потврдо одговориле родителите од VIII одделение од ОУ „Никола Карев".




**Графикон бр. 1 Број на испитани родители кои се или биле дел од училишниот одбор или советот на родители**

Според податоците добиени од стручно педагошката служба во училиштата на прашањето Дали родителите се активно вклучени во училишниот одбор и советот на родители сите одговориле дека родителите се активно вклучени во Советот на родители и училишниот одбор.

Меѓутоа на прашањето Дали секогаш присуствуваат на состаноците кои се оддржуваат во училиштето одговорите се најизменични и може да се погледнат во табелата бр.3

| **Прашање: Дали родителите присуствуваат на состаноците кои се оддржуваат во училиштето?** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | | Не | | Не секогаш | |
| | f | % | f | % | f | % |
| **ОУ „Кирил и Методиј"** | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 2 | 100 |
| **ОУ „Раде Кратовче"** | 2 | 100 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ОУ„Малина Поп Иванова“** | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 2 | 100 |
| **ОУ„Никола Карев“** | 2 | 100 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 |

Табела бр.3 Ставот на стручно педагошката служба за тоа дали родителите присуствуваат на состаноците кои се оддржуваат во училиштето

Според оваа табела и одговорите добиени на прашањето Дали родителите присуствуваат на состаноците во училиштето може да се забележи дека стручно педагошката служба во ОУ „Раде Кратовче“ и ОУ „Никола Карев“ одговориле дека родителите присуствуваат на состаноците, додека пак стручно педагошката служба од ОУ „Кирил и Методиј“ и ОУ „ Малина Поп Иванова“ одговориле дека родителите не секогаш присуствуваат на овие состаноци.

На прашањето пак Дали родителите иницираат за некоја промена во училиштето, за разлика од стручно педагошката служба од ОУ „Раде Кратовче“ која одговорила дека родителите иницираат одредени промени во училиштето, трите останати основни училишта одговориле дека родителите не иницираат промени во училиштето.

Освен советот на родители и училишниот одбор во училиштата постојат и други форми на соработка со родителите. Во табелата бр.3 се наведени одговорите на стручно педагошката служба по прашањето дали во училиштето се организраат некои од наведените форми за вклучување на родителите во училиштето.

| **Прашање: Дали вашето училиште организира:** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Основно училиште** | Ден за посета на родители во улилиштето | Домашни посети во домот на учениците | Библјотека за родители со информативен материјал за родителите | Некој друг модел на соработка во кој се вклучени родителите |
| **Кирил и Методиј** | | ✓ | | -Работилници и советување со родителите на учениците со намален успех и намалено |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | поведение |
| **Раде Кратовче** | ✓ | | | **Работилници** |
| **Малина Поп Иванова** | | | ✓ | Работилници |
| **Никола Карев** | ✓ | ✓ | | **Работилници** |

Табела бр. 4 Форми на соработка кои се организраат во училиштето и преку кои се вклучени родителите

Освен овие форми на реализација во сите училишта според годишната програма за работа се предвидени и разни активности и работилници во кои треба да бидат вклучени и родителите на учениците, а тоа се следниве активности:

- Индивидуални контакти на родителите со одделенските раководители
- Индивидуални контакти и соработка на родителите со стручната служба и директорот
- Индивидуални и групни родителски средби на ниво на паралелка
- Родителски средби на ниво на училиште
- Заедничко донесување одлуки за одредени јавни набавки (храна за учениците)
- Учествуваат во подготовката на списание за активностите на училиштето[45]
- Активност „Уредување на училници“
- Хуманитарни настани
- Учество и подготовка на патрониот празник на училиштето

[45] Годишна програма за работа на О.У. „Раде Кратовче“- Кочани

- Учество и подготовка на храна за настанот „Денови на оризот"

- Предавања од страна на родителите пред учениците на разни општествени и социјални теми

- Заеднички излети со учениците, родителите и наставниците

- Креативни работилници

Освен овие активности во кои е предвидено вклучување на родителите на ниво на училиште, секој наставник на своите часови спроведува креативни работилници во кои се вклучени и родителите. Овие работилници со родителите обично се наменети за учениците од првиот и вториот образовен циклус.

Од оваа учебна година Министерството за образование и наука започна со реализација на проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците". Проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците" има а цел зајакнувае на врската „родител- ученик- наставник" преку која ќе се овозможи јакнење на воспитната компонента во воспитно- образовниот процес во основното образование. Проектот предвидува постигнување на целта преку заеднички активности во училиштето, односно организирање на спортски, културни, забавни и едукативни активности во кои ќе земат учество родителите, учениците и наставниците. Според ова предвидени се следниве активности кои треба да се спроведат во училиштето, а за нивно успешно спроведување ќе бидат вклучени и родителите: Родителот е наставник; Приредби; Новогодишен базар; Јас прочитав- прочитај и ти; Одиме во театар; Училишен театар; Одиме во кино; Одиме на излет; Еко ден; Родителска отворена средба; и Отворен ден.[46] Овие работилници со родителите се започнати да се спроведуваат од месец септември и треба да се завршат до крајот на месец мај.

---

[46] Проект *„Заедничка грижа за правилно насочување на учениците"*, Министерство за образование и наука www.mon.gov.mk

Дополнително кон сите овие активности кои училиштата ги реализираат и во кои се вклучени и родителите, од исклучителна важност е и посебно поставениот плакат Кодекс на однесување на родители/ старатели и Кодекс на однесување на наставниците кои се поставени во холот на ОУ „Кирил и Методиј“, а ги нема во ниту едно од останатите училишта. Со ова би можеле да констатираме дека ОУ „Кирил и Методи“ им придава голема важност на родителите на учениците од нивното училиште.

По горенаведеното можеме да дојдеме до заклучок дека во годишната програма за работа на училиштето е предвиден посебен дел со кој се планира вклучување на родителите во воспитно образовниот процес. Исто така со родителите се спроведуваат активности и работилници со кои директно се вклучени во воспитно образовниот процес и соработуваат како со наставниците така и со своите деца. Според ова ***се потврдува хипотеза 2.***

## 4. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од прашалниците на испитаниците за проверка на хипотеза 3

Х3: Наставниците имаат позитивни ставови за потребата за вклучување на родителите во воспитно образовниот процес

За испитување на оваа хипотеза беа анкетирани 24 класни раководители на VII, VIII I IX одделение од четирите основни училишта во Кочани. Анкетниот прашалник содржеше 13 прашања кои се однесуваа на соработката на наставниците со родителите.

За испитување на оваа хипотеза моравме прво да дознаеме дали наставниците остваруваат соработка со родителите на учлениците. Преку прашањето Дали постои соработка помеѓу Вас и родителите на учениците дојдовме до следниве резулатати прикажани во табелата бр. 5

| **Прашање: Дали постои соработка помеѓу Вас и родителите на учениците** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да, редовно | | Не | | Доволно | | Недоволно | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| **ОУ „Кирил и** | 5 | 31,25 | / | / | 1 | 16,67 | / | / | 6 | 25 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Методиј“ | | | | | | | | | | |
| ОУ „Раде Кратовче“ | 2 | 12,50 | / | / | 2 | 33,33 | 2 | | 6 | 25 |
| ОУ „Малина Поп Иванова | 3 | 18,75 | / | / | 3 | 50,00 | / | / | 6 | 25 |
| ОУ „Никола Карев“ | 6 | 37,50 | / | / | / | / | / | / | 6 | 25 |
| **Вкупно** | 16 | 66.67 | 0 | 0 | 6 | 25 | 2 | 8.33 | 24 | 100 |

Табела бр.5 Податоци за ставот на наставниците за соработката со родителите

Според податоците добиени во однос на ова прашање можеме да забележиме дека јаголем дел од наставниците, 16 од вкупно 24 наставници или 66,67%, одговориле дека имат редовна соработка со родителите на учениците. Ниту еден наставник не одговорил дека не оставрува соработка. Во однос на училиштата сите 6 наставника од ОУ „Никола Карев“ одговориле дека постои редовна соработка со родителите, додека пак и 2та наставника кои одговориле дека недоволно соработуваат со родителите се од ОУ „Раде Кратовче“.




Графикон бр. 2 Податоци за ставот на наставниците за соработката со родителите

Графикон бр.2 ни овозможува подобро да направиме разлика за тоа кои училишта редовно остваруваат соработка со родителите, а кои имаат недоволна соработка.

Со цел да утврдиме зошто некои наставници имаат недоволна соработка со родителите беа поставени и други прашања. Пример на прашањето Колку често остварувате соработка со родителите на учениците ги добивме следниве одговори:

| **Прашање: Колку често остварување соработка со родителите на учениците?** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Еднаш месечно | | На тромесечје | | Еднаш годишно | | Повеќе пати годишно | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| **ОУ „Кирил и Методиј“** | 2 | 22,22 | 1 | 11,11 | / | / | 3 | 50 | 6 | 25 |
| **ОУ „Раде Кратовче“** | 3 | 33,33 | 3 | 33,33 | / | / | / | / | 6 | 25 |
| **ОУ „Малина Поп Иванова** | 2 | 22,22 | 3 | 33,33 | / | / | 1 | 16,67 | 6 | 25 |
| **ОУ „Никола Карев“** | 2 | 22,22 | 2 | 22,22 | / | / | 2 | 33,33 | 6 | 25 |
| **Вкупно** | 9 | 37,5 | 9 | 37,5 | 0 | 0 | 6 | 25 | 24 | 100 |

Според податоците добиени по ова прашање може да се заклучи дека наставниците со родителите често остваруваат соработка односно најмногу одговори имаме под еднаш месечно и на тромесечје, додека пак за нешто помалку соработуваат по неколку пати годишно. Доколку ги споредиме податоците добиени од табела бр. 4 и табела бр.5 може да воочиме дека пола од наставниците од ОУ „Раде Кратовче“ одговориле дека соработка остваруваат само на тромесечје, можеби затоа и дел од наставниците на прашањето бр.4 одговориле дека немаат доволна соработка со родителите.

Од прашалниците добивме одговор и на прашањето На кој начин се остварува соработката за што добивме сознание дека Наставниците најмногу соработка со родителите остваруваат преку родителски и индивидуални средби. Еден наставник навел дека средби со родителите остварува и телефонски, а еден наставник одговорил дека со родителите освен на родителските средби и индивидуалните средби ги повикаува и тој самиот доколку за тоа има потреба. Во табелата бр. 7 е прикажано на кој начин кое училиште најмногу соработува со родителите на учениците.

| Прашање: На кој начин се остварува Вашата соработка? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Родителски средби | | Индивидуални средби | | Домашни посети | | Друго* | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| ОУ „Кирил и Методиј“ | 6 | 26,09 | 6 | 46,15 | / | / | 1 | 50 |
| ОУ „Раде Кратовче“ | 6 | 26,09 | 3 | 23,08 | / | / | / | / |
| ОУ „Малина Поп Иванова | 5 | 21,73 | 2 | 15,39 | / | / | 1 | 50 |
| ОУ „Никола Карев“ | 6 | 26,09 | 2 | 15,39 | / | / | / | / |
| Вкупно | 23 | 100 | 13 | 100 | 0 | 0 | 2 | 100 |

Табела бр.7 Одговори на наставниците за начинот на соработка со родителите

Доколку иста оваа табела ја претставиме и графички може да воочиме дека најмногу соработка со родителите се остварува преку родителски средби, а најмалку односно воопшто не се остварува преку домашни посети и покрај тоа што домашните посети се препорачани посебно кај проблематични ученици, ученици кои подолго време отсуствуваат од настава од неоправдани причини или ученици кај кои се забележуваат промени во однесувањето. Домашните посети се практикуваат по останатите земји, додека кај нас и покрај тоа што има потреба сепак се изоставаат. За тоа на кој начин се остварува соработката на наставниците со родителите е прикажано и во графикот бр. 3.




График бр.3 Начин на соработка на наставниците со родителите

Освен за начинот на соработка, беа испитани и ставовите за причината за што најмногу соработуваат наставниците со родителите за време на родителските средби и индивидуалните средби. Како и што можеме да претпоставиме соработката со родителите се однесува најмногу за успехот на учениците, а нешто помалку и за поведението на учениците. Во графикот бр. 4 ни е прикажано за што најчесто соработуваат наставниците со родителите по училишта.




График бр. 4 Причини за соработка на наставниците со родителите

Од графикот бр.4 може да се забележи дека наставниците од ОУ „Кирил и Методиј" и наставниците од ОУ „Никола Карев" со родителите соработуваат само за успехот и поведението на учениците, додека пак наставниците од останатите две училишта покрај успехот и поведението соработуваат и со родителите поради проблематични ученици.

Во однос на прашањето Дали родителите сами сакаат да соработуваат добивме различни одговори од сите училишта. Одговорите на ова прашање се дадени во графиконот број 5 за да се увиди генералниот став на наставниците по ова прашање.




График бр. 5 Ставот на родителите за заинтересираноста на родителите за соработка

Според графиконот бр. 5 може да се забележи дека родителите најчесто сами сакаат да соработуваат, но сепак голем е и бројот на наставници кои одговориле дека родителите не изразуваат желба сами да остварат соработка со наставниците и училиштето.

Доколку овие резултати ги поделиме по училишта ќе забележиме дека најголем број од наставниците од ОУ „Никола Карев“ одговориле дека родителите сами изразуваат желба за соработка, додека пак во ОУ „Малина Поп Иванова“ родителите не се тие кои први иницираат соработка со наставниците.

| **Прашање: Дали родителите најчесто сами сакаат да соработуваат?** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | | Не | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % |
| **ОУ „Кирил и Методиј“** | 4 | 26,67 | 2 | 22,22 | 6 | 25 |
| **ОУ „Раде Кратовче“** | 3 | 20 | 3 | 33,33 | 6 | 25 |
| **ОУ „Малина Поп Иванова** | 2 | 13,33 | 4 | 44,45 | 6 | 25 |
| **ОУ „Никола Карев“** | 6 | 40 | 0 | 0 | 6 | 25 |
| **Вкупно** | 15 | 100 | 9 | 100 | 24 | 100 |

Табела бр. 8 Ставот на наставниците за соработката со родителите

Во табелата бр.7 утврдивме дека соработката помеѓу наставниците и родителите најчесто се остварува за време на родителските средби, а голем дел од родителите доаѓаат и на индивидуални средби. Затоа наставниците беа прашани дали родителите се одзиваат на нивните покани за средби. Од резултатите кои ги

добивме, од вкупно 24 наставника, 14 одговориле потврдно, а 10 родители одговориле со Не секогаш. Во график бр. 6 се дадени одговорите на наставниците по училишта.




График бр. 6 Колку родителите се одзиваат на поканите на наставниците

Од графикот бр.6 јасно може да се забележи дека само во ОУ „Малина Поп Иванова" поголемиот број од испитаните наставници одговориле дека родителите Не секогаш се одзиваат на нивните покани. Освен во ова училиште, поголемиот број од наставниците од другите училишта одговориле дека родителите се одзиваат на нивните покани.

Прашањето Дали кај учениците чиишто родители соработуваат има подобрување на успехот и поведението е од големо значење, бидејќи доколку има тоа би значело дека наставниците препорачуваат родителите да бидат активно вклучени во воспитно образовниот процес. Одговорите по ова прашање се претставени во табелата бр.9

| **Прашање: Дали кај учениците чиишто родители соработуваат има подобрување на успехот и поведението?** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | | Не | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % |
| **ОУ „Кирил и Методиј"** | 6 | 30 | 0 | 0 | 6 | 25 |
| **ОУ „Раде Кратовче"** | 4 | 20 | 2 | 50 | 6 | 25 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ОУ „Малина Поп Иванова | 4 | 30 | 2 | 50 | 6 | 25 |
| ОУ „Никола Карев“ | 6 | 20 | 0 | 0 | 6 | 25 |
| Вкупно | 20 | 100 | 4 | 100 | 24 | 100 |

Табела бр. 9 Ставот на родителите за подобрување на успехот и поведението кај учениците чиишто родители соработуваат

Од табела бр.9 забележуваме дека 83,33% од вкупниот број наставници одговориле дека кај учениците чиишто родители соработуваат со наставниците има подобрување во успехот и поведението. Ова го потврдиле сите наставници од ОУ „Кирил и Методиј“ и наставниците од ОУ „Никола Карев“. За разлика од овие две училишта, наставниците од останатите две училишта имаат скоро поделени ставови, односно само 16,67% од наставниците одговориле дека нема подобрување на успехот и поведението кај учениците чиишто родители соработуваат со наставниците. Соработката со родителите е важна, а и ставот на наставниците во однос на ова прашање го потврдува тоа. Со ова *делумно се потврдува хипотеза бр.3* дека наставниците имаат позитивен став за потребата од вклучување на родителите во воспитно образовниот процес.

За да ја потврдиме оваа хипотеза целосно, на наставниците им беа поставени неколку дополнителни прашања за тоа дали родителите се вклучени во активнсотите кои тие ги спроведуваат во училиштето. На прашањето дали ги повикувате родителите да се вклучат во подготовката на манифестациите кои ги организира вашето училиште само наставниците од ОУ „Раде Кратовче“ на ова прашање одговориле со Да. Од вкупно 24 наставника само 4 односно 16,67% одговориле дека не секогаш ги повикуваат на активностите, а само 1 наставник од ОУ „Малина Поп Иванова“ одговорил дека не ги повикува родителите на манифестациите кои ги организира училиштето. Во табела бр. 10 може да ги видиме одговорите на наставниците по училишта за ова прашање.

| **Прашање: Дали ги повикувате родителте да се вклучат во подготовката на манифестациите кои ги организира вашето училиште?** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | | Не | | Не секогаш | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ОУ „Кирил и Методиј“ | 4 | 21,05 | 0 | 0 | 2 | 50 | 6 | 25 |
| ОУ „Раде Кратовче“ | 6 | 31,58 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 25 |
| ОУ „Малина Поп Иванова | 4 | 21,05 | 1 | 100 | 1 | 25 | 6 | 25 |
| ОУ „Никола Карев“ | 5 | 26,32 | 0 | 0 | 1 | 25 | 6 | 25 |
| Вкупно | 19 | 100 | 1 | 100 | 4 | 100 | 24 | 100 |

Табела бр.10 Дали наставниците ги повикуваат родителите да се вклучат во подготовка на манифестациите

Подолу, може да се видат одговорите во однос на тоа дали наставниците ги вклучуваат родителите во подготовка на манифестациите кои ги организира училиштето или не. Како што спомнавме и претходно најголем број од наставниците одговориле потврдно, а само еден наставник одговорил дека не ги повикува родителите.




И покрај тоа што најголемиот број од наставниците одговориле дека ги повикуваат родителите да се вклучат во подготовката на манифестациите кои ги организираат училиштата, сепак нивните одговори на прашањето дали родителите се вклучуваат во подготовката на манифестациите се сосема спротивни. Според податоците добиени од прашалниците и ставовите на наставниците од основните училишта родителите многу ретко се вклучуваат во подготовката на манифестациите кои ги организираат училиштата, и покрај тоа што на претходното прашање одговорија дека ги повикуваат. Само во основното

училиште „Кирил и Методиј“ најголемиот број од наставниците 66,67% одговориле дека родителите се вклучуваат во подготовките за манифестациите. Поголемиот број од наставниците од останатите училишта одговориле дека родителите многу ретко се вклучуваат во активностите. Само наставникот од ОУ „Никола Карев“ од VII одделение на ова прашање одговорил дека родителите не се вклучуваат во активностите на училиштето. Во табелата бр. 11 се дадени податоците од одговорите на наставниците за прашањето дали родителите се вклучуваат во активностите на училиштето.

| **Прашање: Дали родителите се вклучуваат во подготовката на манифестациите кои ги организира вашето училиште?** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | | Не | | Многу ретко | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| **ОУ „Кирил и Методиј“** | 4 | 40 | 0 | 0 | 2 | 15,39 | 6 | 25 |
| **ОУ „Раде Кратовче“** | 2 | 20 | 0 | 0 | 4 | 30,77 | 6 | 25 |
| **ОУ „Малина Поп Иванова** | 2 | 20 | 0 | 0 | 4 | 30,77 | 6 | 25 |
| **ОУ „Никола Карев“** | 2 | 20 | 1 | 100 | 3 | 23,04 | 6 | 25 |
| **Вкупно** | 10 | 100 | 1 | 100 | 13 | 100 | 24 | 100 |

Табела бр.11 Ставот на наставниците за вклучувањето на родителите во активностите на училиштето

Доколку ги споредиме одговорите на наставниците во однос на овие дбе прашања би можеле да константираме дека наставниците ги поканувaат родителите на учениците да се вклучат во подготовката на манифестациите кои ги подготвува училиштето и активностите , меѓутоа родителите многу ретко се вклучуваат.




График бр. 7 Ставот на наставниците за вклучувањето на родителите во активностите кои ги организира училиштето

Бидејќи според наставниците родителите многу ретко се вклучуваат во подготовка на манифестации кои ги организира училиштето, им беше поставено прашањето дали родителите покажуваат интерес за вклучување во активностите кои тие ги организираат. Во однос на ова прашање се покажа дека, исто како и одговорите на прашањето бр.10 кога родителите многу ретко се вклучуваат во активностите организирани од училиштето, и на ова прашање наставниците одговориле дека 70,83% од родителите само понекогаш покажуваат интерес за вклучување во активности организирани од страна на наставниците. Единствено поголемиот дел од наставниците од ОУ „Кирил и Методиј“ (66,66%) истакнале дека родителите покажуваат интерес за вклучување во нивните активности, но во сите други училишта поголемиот дек од наставниците одговориле дека само понекогаш се вклучуваат во активностите на наставниците. Еден наставник пак од ОУ „Никола Карев“ од VII одделение одговрил дека родителите не покажуваат интерес за вклучување во активностите. Во табела бр.12 се дадени податоците по училишта во однос на одговорите по ова прашање.

| **Прашање бр. 11: Дали родителите покажуваат интерес за учество во вашите активности со учениците?** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | | Не | | Понекогаш | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | F | % | f | % |
| **ОУ „Кирил и Методиј“** | 4 | 66,66 | 0 | 0 | 2 | 11,77 | 6 | 25 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ОУ „Раде Кратовче“** | 1 | 16,67 | 0 | 0 | 5 | 29,41 | 6 | 25 |
| **ОУ „Малина Поп Иванова** | 1 | 16,67 | 0 | 0 | 5 | 29,41 | 6 | 25 |
| **ОУ „Никола Карев“** | 0 | 0 | 1 | 100 | 5 | 29,41 | 6 | 25 |
| **Вкупно** | 6 | 100 | 1 | 100 | 17 | 100 | 24 | 100 |

Табела бр.12 Ставот на наставниците за интересот за родителите за вклучување во нивните активности

Од целокупната соработка 79,16% од наставниците се задоволни од соработката со родителите,а само 20,84% не се задоволни од соработката со родителите. Од вкупно 5 наставници кои не се задоволни од соработката со родителите, 3ца се од ОУ „Раде Кратовче“. На ова се надоврзува и одговорот на наставниците дека остваруваат недоволна соработка со родителите.

На крај за проверка на оваа хипотеза наставниците беа прашани дали сметаат дека родителите треба да бидат вклучени во воспитно образовниот процес, за што како одговор од сите наставници на ова прашање добивме одговор, со што се ***потврдува хипотезата број 3*** дека наставниците имаат позитивен став за потребата од вклучување во воспитно образовниот процес. Оваа хипотеза и претходно беше потврдена со одговорот на наставниците дека кај учениците чиишто родители соработуваат со наставниците имаат зголемување на успехот и подобрување на поведението.

## 5. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од прашалниците на испитаниците за проверка на хипотеза 4

Х4: Стручно - педагошката служба има позитивни ставови за потреба од вклучување на родителите во воспитно образовниот процес

За проверка на оваа хипотеза беа поделени анкетни прашалници на педагогот и психологот од основните училишта во Кочани.

За проверка на оваа хипотеза моравме да дознаеме прво дали стручно педагошката служба остарува соработка со родителите на учениците во нивното

училиште. Како и што се претпоставуваше сите од стручно педагошката служба одговорија дека имаат соработка со родителите на учениците. Како иницијатор за соработка со родителите, имаат наведено стручно педагошката служба. Освен стручно педагошката служба во ОУ „Раде Кратовче“ и ОУ „Малина Поп Иванова“ ги имаат наведено и класните раководители, а во ОУ „Кирил и Методиј“ ги имаат наведено родителите како иницијатор за соработка со стручно педагошката служба.

И покрај тоа што најмногу стручно педагошката служба е иницијатор за соработка со родителите, на прашањето дали родителите имаат желба да соработуваат само од ОУ „Кирил и Методиј“ имаат одговорено дека родителите имаат желба да соработуваат, додека од останатите училишта имаат одговорено дека не сите родители сакаат да соработуваат.

Стручно педагошката служба со родителите најчесто соработуваат со родителите за поведението на учениците. Во табела бр. 13 се дадени одговорите на стручно педагошката служба по училишта, во однос на тоа за што најмногу соработуваат со родителите.

| **Прашање: За што најчесто соработуваат со родителите на учениците?** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Успехот на учениците | | Поведението на учениците | | Активности во училиштето | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| **ОУ „Кирил и Методиј“** | 0 | 0 | 2 | 33,33 | 0 | 0 | 2 | 25 |
| **ОУ „Раде Кратовче“** | 1 | 50 | 1 | 16,67 | 0 | 0 | 2 | 25 |
| **ОУ „Малина Поп Иванова** | 1 | 50 | 1 | 16,67 | 0 | 0 | 2 | 25 |
| **ОУ „Никола Карев“** | 0 | 0 | 2 | 33,33 | 0 | 0 | 2 | 25 |
| **Вкупно** | 2 | 100 | 6 | 100 | 0 | 0 | 8 | 100 |

Табела бр. 13 Ставот на стручно педагошката служба за што најчесто соработуваат родителите на учениците

Според табелата можеме да константираме дека Стручно педагошката служба од ОУ „Кирил и Методиј“ и ОУ „Никола Карев“ со родителите најмногу соработуваат за поведението поведението на учениците, додека пак во ОУ „Раде Кратовче“ и ОУ „Малина Поп Иванова“ стручно педагошката служба со родителите подеднакво соработува за успехот на учениците и за нивното поведение. Родителите најчесто прифаќаат индивидуално советување од страна на педагогот и психологот во училиштето.

Бидејќи во рамките на секое училиште постои совет на родители и училишен одбор, сите од стручно педагошката служба одговорија дека родителите активно се вклучени во советот на родители и училишниот одбор. И покрај тоа што активно се вклучени во советот и училишниот одбор, сепак родителите не секогаш присуствуваат на состаноците кога се донесуваат одлуки кои се од голема важност за развојот на училиштето како и квалитетот на наставата на учениците. Во графикот бр. 8 се дадени ставовите на стручно педагошката служба и можеме да видиме во кои училишта родителите вклучени во советот и училишниот одбор редовно присуствуваат на состаноците, а во кои училишта не секогаш.




График. Бр. 8 Одговор на стручно педагошката служба во однос на прашањето дали родителите присуствуваат на состаноците кои се оддржуваат во училиштето

На состаноците кои ги организира училиштето, а на кои присуствуваат и родителите од Советот на родители и училишниот одбор само од ОУ „Никола Карев“ одговориле дека родителите на овие состаноци иницираат и даваат предлози за некоја промена во училиштето, за разлика од другите училишта во кои стручно педагошката служба одговориле дека родителите не иницираат за промени.

На прашањето дали стручно педагошката служба ги известуваат родителите за активностите на училиштето освен од ОУ „Раде Кратовче“, од сите други училишта добивме одговор дека родителите навремено се информираат за активностите кои ги организира училиштето. Додека пак педагогот од ОУ „Раде Кратовче“ одговорил дека ги известуваат, психологот од истото училиште на ова прашање одговорил дека не секогаш се известуваат родителите за активностите кои ги подготвува училиштето. Од тука делумно се потврдува хипотезата дека стручно педагошката служба има позитивни ставови за вкучување на родителите во воспитно образовниот процес.

Како што претходно утврдивме наставниците ги поканувaат родителите да учествуваат во активностите кои ги подготвува училиштето, како и стручно педагошката служба, сепак и нивните одговори се слични. На прашањето дали родителите се вклучуваат во организирањето на манифестациите од стручно педагошката служба сите потврдија дека само одредени родители се вклучуваат во активностите. Во прашањето бр.10 можевме да видиме дека од вкупно 24 наставници, дури 13 наставници дале одговор дека родителите многу ретко се вклучуваат во активностите кои ги организира училиштето.

За да училиштето ги вклучи родителите и да ги запознае со активностите на училиштето, училиштата организираат повеќе активности за да ги уклучат родителите во воспитно образовниот процес или барем да им посочат дека можат да се вклучат во активностите на училиштето (*Табела бр. 4 Форми на соработка кои се организраат во училиштето и преку кои се вклучени родителите*).

На прашањето колку стручно педагошката служба е задоволна од соработката со родителите, генерално односно 75% од стручно педагошката се делумно задоволни од соработката со родителите, додека само 25% односно само стручно педагошката служба од ОУ „Никола Карев“ се задоволни од соработката со родителите.

На крај им беше поставено прашањето дали сметаат дека родителите треба да бидат вклучени во активностите и во воспитно образовниот процес на училиштето и сите одговорија потврдно, со што хипотеза бр.4 стручно педагошката служба има позитиен став за вклучување на родителите во воспитно образовниот процес **се потврдува**.

## 6. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од прашалниците за родителите за проверка на хипотеза 5

За проверка на оваа хипотеза беа поделени 240 прашалника на родителите на учениците од основните училишта, од VII, VIII и IX одделение. Прашалниците пополнети ги вратија 217 родители.

Од 217 родители, колку што одговорија на прашалниците, 150 родители одговориле дека одлично соработуваат со класниот раководител, 62 родители одговориле дека доволно соработуваат и само 5 родители одговориле дека недоволно соработуваат со класниот раководител на нивните деца. Според добиените податоци најголем број од родителите (23,97%) од ОУ „Никола Карев“ имаат одлична соработка со класните раководители. Додека пак од вкупно 5 родители кои одговориле дека имаат недоволна соработка со класниот раководител, 3 се од ОУ „Раде Кратовче“ и 2 родители се од ОУ „Малина Поп Иванова“.

| **Прашање: Колкаво е нивото на соработка со класниот раководител?** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Недоволно | | Доволно | | Одлично | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| **ОУ „Кирил и Методиј“** | 0 | 0 | 14 | 22,59 | 43 | 28,67 | 57 | 26,27 |
| **ОУ „Раде Кратовче“** | 3 | 60 | 23 | 37,10 | 22 | 14,67 | 48 | 22,13 |
| **ОУ „Малина Поп Иванова** | 2 | 40 | 17 | 27,41 | 33 | 22 | 52 | 23,96 |
| **ОУ „Никола Карев“** | 0 | 0 | 8 | 12,90 | 52 | 34,66 | 60 | 27,64 |
| **Вкупно** | 5 | 100 | 62 | 100 | 150 | 100 | 217 | 100 |

Табела бр.14 Ставот на родителите за соработката со класниот раководител

На прашањето за што најчесто се однесува соработката со класниот раководител, според одговорите, 68,66% од родителите одговориле дека соработката со класниот раководител се однесува за успехот на учениците, 21,20%

од родителите одговориле дека соработката се однесува за поведението на учениците и многу мал дел од родителите, односно само 22 родители или 10,14%, одговориле дека со класниот раководител соработуваат за активности кои се спорведуваат во училиштето.

**Прашање: За што најчесто се однесува вашата соработка со класниот раководител?**

| | Успехот на децата | | Поведението на децата | | Активности кои се спроведуваат во училиштето | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| **ОУ „Кирил и Методиј“** | 44 | 30,13 | 8 | 17,40 | 5 | 22,72 | 57 | 26,27 |
| **ОУ „Раде Кратовче“** | 32 | 21,47 | 12 | 26,08 | 4 | 18,19 | 48 | 22,13 |
| **ОУ „Малина Поп Иванова** | 35 | 23,50 | 12 | 26,08 | 5 | 22,72 | 52 | 23,96 |
| **ОУ „Никола Карев“** | 38 | 25,50 | 14 | 30,44 | 8 | 36,37 | 60 | 27,64 |
| **Вкупно** | 149 | 100 | 46 | 100 | 22 | 100 | 217 | 100 |

Табела бр.15 Ставот на родителите за што се однесува соработката со класниот раководител

Од табела бр.15 може да забележиме дека за успехот на учениците со класниот раководител најмногу соработувале родителите од ОУ „Кирил и Методиј“, за поведението на учениците и активностите кои се спроведувале во училиштето најмногу соработувале родителите од ОУ „Никола Карев“.

Во табелите подолу се дадени податоците од одговорите на родителите на ова прашање дадени по одделенија посебно за секое училиште. Од овие табели може да се константира дека освен во ОУ „Никола Карев“ каде родителите на учениците од IX одделение најмногу со класниот раководител соработувале за успехот на учениците, во останатите училишта родителите од VII одделение соработувале за успехот на учениците. Најмалку за успехот на учениците соработувале родителите на учениците од IX одделение од ОУ „Раде Кратовче“. За активностите кои се спроведуваат во училиштето најмногу соработувале

родителите од VII одделение од ОУ „Никола Карев", а најмалку или воопшто не соработувале родителите од IX одделение од истото училиште.

| Прашање: За што најчесто се однесува вашата соработка со класниот раководител? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Успехот на децата | | Поведението на децата | | Активности кои се спроведуваат во училиштето | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| **VII одделение** | 18 | 40,91 | 1 | 12,50 | 1 | 20,00 | 20 | 35,09 |
| **VIII одделение** | 14 | 31,82 | 3 | 37,50 | 2 | 40,00 | 19 | 33,33 |
| **IX одделение** | 12 | 27,27 | 4 | 50,00 | 2 | 40,00 | 18 | 31,58 |
| **Вкупно** | 44 | 100 | 8 | 100 | 5 | 100 | 57 | 100 |

Табела бр.16 Ставот на родителите за што се однесува соработката со класниот раководител од ОУ „Кирил и Методиј"

| Прашање: За што најчесто се однесува вашата соработка со класниот раководител? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Успехот на децата | | Поведението на децата | | Активности кои се спроведуваат во училиштето | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| **VII одделение** | 10 | 33,33 | 5 | 35,71 | 1 | 25,00 | 16 | 33,33 |
| **VIII одделение** | 11 | 36,67 | 3 | 21,43 | 1 | 25,00 | 15 | 31,25 |
| **IX одделение** | 9 | 30,00 | 6 | 42,86 | 2 | 50,00 | 17 | 35,42 |
| **Вкупно** | 30 | 100 | 14 | 100 | 4 | 100 | 48 | 100 |

Табела бр.17 Ставот на родителите за што се однесува соработката со класниот раководител од ОУ „Раде Кратовче"

| **Прашање: За што најчесто се однесува вашата соработка со класниот раководител?** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Успехот на децата | | Поведението на децата | | Активности кои се спроведуваат во училиштето | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| **VII одделение** | 12 | 34,29 | 4 | 33,33 | 2 | 40,00 | 18 | 34,62 |
| **VIII одделение** | 12 | 34,29 | 5 | 33,34 | 1 | 20,00 | 17 | 32,69 |
| **IX одделение** | 11 | 31,42 | 4 | 33,33 | 2 | 40,00 | 17 | 32,69 |
| **Вкупно** | 35 | 100 | 12 | 100 | 5 | 100 | 52 | 100 |

Табела бр.18 Ставот на родителите за што се однесува соработката со класниот раководител од ОУ „Малина Поп Иванова“

| **Прашање: За што најчесто се однесува вашата соработка со класниот раководител?** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Успехот на децата | | Поведението на децата | | Активности кои се спроведуваат во училиштето | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| **VII одделение** | 12 | 27,91 | 3 | 33,33 | 5 | 62,50 | 20 | 33,33 |
| **VIII одделение** | 12 | 27,91 | 5 | 55,56 | 3 | 37,50 | 20 | 33,33 |
| **IX одделение** | 19 | 44,18 | 1 | 11,11 | 0 | 0 | 20 | 33,33 |
| **Вкупно** | 43 | 100 | 9 | 100 | 8 | 100 | 60 | 100 |

Табела бр.19 Ставот на родителите за што се однесува соработката со класниот раководител од ОУ „Никола Карев“

Доколку ги споредиме табела бр. 15 и график бр. 4 може да констатираме дека и родителите и класните раководители одговориле дека најмногу соработуваат за успехот на учениците.

Бидејќи родителите најмногу со класните раководители соработуваат и комуницираат за успехот на учениците, ги прашавме дали редовно присуствуваат на родителските средби бидејќи најчесто родителските средби се однесуваат за добивање информација за успехот на учениците за изминатитот период од учебната година. Во однос на добиените одговори на ова прашање, само од 18

родители добивме одговор дека не присуствуваат на родителските средби, додека сите останати 199 родители одговориле дека редовно присуствуваат на закажаните родителски средби.

Од вкупно 217 родители само 11 родители одговориле дека не се задоволни од класниот раководител за време на родителските средби. На прашањето што повеќе би практикувале 172 (79,2%) најмногу би сакале да имаат родителски средби, 37 или 17% од родителите повеќе би практикувале индивидуални средби, додека пак мал е бројот на родители односно само 8 кои повеќе би практикувале средби со педагогот.

За да дознаеме дали родителите се запознаени и дали се вклучени во активностите на училиштето, а со тоа и нивниот став за тоа дали сакаат и дали сметаат дека треба да бидат активно инволвирани во воспитно образовниот процес им беа поставени дополнителни прашања.

Денес во училиштата се спроведуваат голем број на проекти и работилници чија цел е да ги вклучат родителите во воспитно образовниот процес и да работат со наставниците и учениците. Претходно според одговорите на класните раководители и стручно педагошката служба констатиравме дека тие редовно ги информираат и поканукваат родителите да се вклучат во активностите кои ги организираат тие и училиштето. Според одговорите добиени од родителите, 36 родители одговориле дека не се запознаени со активностите на училиштето. Во табела бр. 20 се дадени одговорите на родителите поделени по училишта.

| **Прашање: Дали сте запознаени со активностите на училиштето?** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | | Не | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % |
| **ОУ „Кирил и Методиј“** | 53 | 29,28 | 4 | 11,11 | 57 | 26,27 |
| **ОУ „Раде Кратовче“** | 35 | 19,34 | 13 | 36,11 | 48 | 22,13 |
| **ОУ „Малина Поп Иванова** | 42 | 23,20 | 10 | 27,78 | 52 | 23,96 |
| **ОУ „Никола Карев“** | 51 | 28,18 | 9 | 25,00 | 60 | 27,64 |
| **Вкупно** | 181 | 100 | 36 | 100 | 217 | 100 |

Табела бр.20 Дали родителите се запознаени со активностите на училиштето

За тоа кој треба да ги информира за активностите во училиштето им беа понудени повеќе одговори, а според одговорите на родителите од основните училишта класниот раководител терба да ги известува. 148 од родителите одговориле класниот раководител, 18 родители одговориле стручно педагошката служба, а 51 родители одговориле децата. На родителите како одговори им беше понудено и директорот, но ниту еден од нив не одговорил дека директорот треба да ги известува за активностите на училиштето.

| **Прашање: Кој треба да ве информира за активностите во училиштето?** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Класниот раководител | | Стручно – педагошката служба | | Директорот | | Децата | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| **ОУ „Кирил и Методиј“** | 45 | 30,41 | 1 | 5.56 | 0 | 0 | 11 | 21,57 | 57 | 26,27 |
| **ОУ „Раде Кратовче“** | 29 | 19,59 | 5 | 27,78 | 0 | 0 | 14 | 27,45 | 48 | 22,13 |
| **ОУ „Малина Поп Иванова** | 33 | 22,30 | 7 | 38,89 | 0 | 0 | 12 | 23,53 | 52 | 23,96 |
| **ОУ „Никола Карев“** | 41 | 27,70 | 5 | 27,77 | 0 | 0 | 14 | 27,45 | 60 | 27,64 |
| **Вкупно** | 148 | 100 | 18 | 100 | 0 | 0 | 51 | 100 | 217 | 100 |

Табела бр. 21 Ставот на родителите кој треба да ги известува за активностите

Според табела бр.21 може да забележиме дека од сите училишта, 68,20% од родителите одговориле дека класниот раководител треба да ги известува за активностите во училиштето, 23,50% од родителите одговориле дека треба да ги информиаат децата, а само 8,29% од родителите одговориле дека за овие активности треба да ги информираат од стручно педагошката служба. Според одговорите бројот на родители кои одговориле по овие прашања се слични за сите училишта.

Меѓутоа според одговорите на прашањето Дали родителите соработуваат и остваруваат комуникација со стручно педагошката служба, и покрај фактот дека сите од стручно педагошката служба одговориле дека остваруваат соработка со родителите, на ова прашање најмногу односно 94 родители (43,32%) одговориле

дека ретко соработуваат со стручно педагошката служба. Голем процент е и бројот на родители кои одговориле дека не остваруваат соработка со стручно педагошката служба односно 62 родители или 28,57%. 41 од родителите одговориле дека остваруваат соработка и само 20 (9,22%) родители одговориле дека често соработуваат со родителите.




Од табела бр.13 можеме да видиме дека стручно педагошката служба со родителите соработува и комуницира најмногу за поведението на учениците, што се поклопува со одговорите на родителите бидејќи 86 родители или 55,48% одговориле дека со стручно педагошката служба комуницирале за поведението на учениците, 47 (30,32%) одговориле дека комуницирале за успехот на учениците и само 14,20% или 22 родители одговориле дека соработувале за активностите во училиштето.

На прашањето Дали сте биле вклучени во активностите на училиштата скоро од сите родители добивме потврден одговор, односно од вкупно 217 родители, 192 односно 88.48% од родителите одговориле дека бие вклучени во активностите на училиштето, што ни покажува дека родителите имаат позитивен став и интерес за вклучување во воспитно образовниот процес на училиштето. Според одговорите дадени во табела бр.22 родителите од ОУ „Раде Кратовче“ најмалку биле вклучени во активностите во училиштето, додека пак според одговорите, родителите од ОУ „Никола Карев“ најмногу биле вклучени.

| **Прашање: Дали сте биле вклучени во активностите на училиштето?** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | | Не | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % |
| **ОУ „Кирил и Методиј“** | 52 | 26,04 | 5 | 20,00 | 57 | 26,27 |
| **ОУ „Раде Кратовче“** | 38 | 19,79 | 10 | 40,00 | 48 | 22,13 |
| **ОУ „Малина Поп Иванова** | 45 | 23,44 | 7 | 28,00 | 52 | 23,96 |
| **ОУ „Никола Карев“** | 57 | 29,69 | 3 | 12,00 | 60 | 27,64 |
| **Вкупно** | 192 | 100 | 25 | 100 | 217 | 100 |

Табела бр. 22 Дали родителите се вклучени во активностите на училиштето

Бидејќи според одговорите на класните раководители не сите родители се заинтересирани и имаат желба да учествуваат во активностите на училиштето и многу ретко се вклучуваат во истите, за да го провериме овој став родителите беа прашани дали сакаат да бидат вклучени во активностите на училиштето добивме одговори кои донекаде го потврдуваат ставот на родителите и стручно педагошката служба. Според одговорите најголем број од родителите сакаат да бидат вклучени само во активностите кои гиорганизира класниот раководител. Повеќе одговори добивме дека родителите не сакаат да бидат вклучени во активностите на училиштето, отколку да бидат вклучени.

| **Прашање: Дали би сакале да бидете вклучени во активностите на училиштето?** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | | Не | | Само во активностите на класниот раководител | | Вкупно | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % |
| **ОУ „Кирил и Методиј“** | 17 | 28,33 | 17 | 22,97 | 23 | 27,71 | 57 | 26,27 |
| **ОУ „Раде Кратовче“** | 16 | 26,27 | 20 | 27,03 | 12 | 14,46 | 48 | 22,13 |
| **ОУ „Малина Поп Иванова** | 14 | 23,33 | 17 | 22,97 | 21 | 25,30 | 52 | 23,96 |
| **ОУ „Никола Карев“** | 13 | 21,67 | 20 | 27,03 | 27 | 32,53 | 60 | 27,64 |
| **Вкупно** | 60 | 100 | 74 | 100 | 83 | 100 | 217 | 100 |

Табела бр.23 Ставот на родителите за вклучување во активностите на училиштето

Според табела бр. 23 и добиените одговори дека родителите сакаат да бидат вклучени само во активностите на училиштето делумно се отфрла хипотеза бр. 5.

На прашањето колку сте задоволни од соработката со училиштето 17 родители се изјасниле дека не се задоволни, наспроти нив сите останати 200 родители одговориле дека се задоволни од соработката.

За да се подобри соработаката и комуникацијата на родителите со училиштата од страна на родителите беа предложени повеќе начини кои се дадени во табелата бр. 24.

| **Прашање: Што би предложиле за да се подобри комуникацијата со училиштето?** | |
|---|---|
| | **Модели на соработка и комуникација предложени од родителите** |
| **ОУ „Кирил и Методиј“** | 1. Индивидуални средби на родителите со наставниците<br>2. Почести средби со наставниците и стручно педагошката служба ќе придонесе за поголема заинтересираност на родителите<br>3. Комуникација преку e-mail<br>4. Заеднички активности со наставниците<br>5. Организирање на почести средби<br>6. Да има почесто отворен ден за родителите<br>7. Почести средби на ниво наставник- родител- ученик<br>8. Веб страна на училиштето<br>9. Родителски средби со присуство на учениците<br>10. Присуство на претставник од стручно педагошката служба за време на родителските средби<br>11. Заеднички работилници со родителите и учениците<br>12. Издавање на брошура со реализирани и идни активности на училиштето<br>13. Повеќе едукативни часови по можност родителип ученици- наставници |
| **ОУ „Раде** | 1. Почести родителски средби |

| | |
|---|---|
| **Кратовче"** | 2. Поголема соработка на класниот раководител со родителите<br>3. Поголем број на работилници<br>4. Индивидуални средби на родителите со класниот раководител и со стручно педагошката служба посебно за учениците кои покажуваат незадоволително поведение и намален успех<br>5. Родителите ведаш да бидат известени доколку има било каков проблем со нивните деца |
| **ОУ „Малина Поп Иванова** | 1. Класниот раководител почесто да ги известува родителите за успехот и проблемите со учениците<br>2. Да се пронајде заедничко решение со проблематичните ученици<br>3. Почести родителски средби<br>4. Поголема меѓусебна соработка наставник- родител-ученик<br>5. Да се издава училишен весник со сите активности на училиштето<br>6. Почести разговори и информирање за активности од страна на класниот раководител |
| **ОУ „Никола Карев"** | 1. Почести родителски средби<br>2. Средби со класниот раководител и педагогот (не по телефон)<br>3. Почести средби со предметните наставници доколку има потреба<br>4. Почесто вклучување на стручно педагошката служба и почеста соработка со родителите<br>5. Поголема посетеност на родителските средби<br>6. Да се подобрат условите за работа на самото училиште |

Табела бр. 24 Предлози од страна на родителите за подобрување на соработката и комуникацијата со училиштето

Врз основа на табелата и предлозите дадени од страна на родителите, може да заклучиме дека сепак родителите сакаат да бидат вклучени во воспитно образовниот процес и да бидат информирани и запознаени со тековните и идните активности на училиштето. Со ова **хипотеза 5 се потврдува**.

Генерално од истражувањето може да заклучиме дека стручно педагошката служба, наставниците и самите родители сметаат дека родителите треба да бидат поактивно вклучени во реализирање активностите на самото училиште.

**Анкетен прашалник за стручно- педагошката служба**

Овој анкетен прашалник е наменет за да се дознаат ставовите на стручно-педагошката служба за нивото на соработка која ја остваруваат со родителите на учениците кои се образуваат во училиштето.
Анкетниот прашалник е анонимен и затоа Ве замолувам најискрено да го пополните.
Оваа анкета е направена за потребите за подготовка на магистерски труд на студент на постдипломски студии на Институтот за педагогија, насока Менаџмент во образование.

Анкетниот прашалник се состои од 13 прашања

Училиште
__________________________________________________________

1. Дали имате соработка со родителите на учениците кои се образуваат во училиштето во кое што работите?
   а) Да
   б) Не

2. Кој е иницијатор за соработката?
   а) Стучно педагошката служба
   б) Родителите
   в) Класниот раководител

3. Дали родителите имаат желба да соработуваат?
   а) Да
   б) Не
   в) Не сите

4. За што најчесто соработувате со родителите?
   а) успехот на учениците
   б) Поведението на учениците
   в) Активностите во училиштето

5. Кој вид на соработка родителите го прифаќаат најчесто?
   а) индивидуално советување
   б) групно советување

6. Дали ги известувате родителите за активностите кои ги подготвува училиштето?
   а) Да
   б) Не
   в) Не секогаш

7. Дали родителите активно се вклучени во училишниот одбор и советот на родители?
   а) Да
   б) Не

8. Дали присуствуваат на состаноците кои се оддржуваат во училиштето?
   а) Да
   б) Не
   в) Не секогаш

9. Дали самите родители иницираат за некоја промена во училиштето?
   а) Да
   б) Не

10. Колку вие сте задоволни од целокупната соработка со родителите?
   а) задоволен/на сум
   б) делумно сум задоволен/ на
   в) не сум задоволен/ на

11. Дали вашето училиште организира:
   а) Ден за посета на родители во училиштето
   б) Домашни посети во домот на учениците
   в) Библјотека за родители со информативен материјал за родителите
   г) Некој друг модел на роработка во кој се вклучени родителите

   ________________________________________________

   ________________________________________________

12. Дали сметате дека родителите треба да бидат вклучени во активностите на училиштето?
   а) Да
   б) Не
   в) Само во активности кои ги организираат наставниците

13. Дали родителите активно се вклучуваат во организирање на манифестации кои ги организира вашето училиште?
   а) Да
   б) Не
   в) Само одредени родители

*Ви благодарам на соработката*

## Анкетен прашалник за наставници

Овој анкетен прашалник е наменет за да се дознаат ставовите на одделенските наставници од третиот образовен циклус за нивото на соработка која ја остваруваат со родителите на учениците.
Анкетниот прашалник е анонимен и затоа Ве замолуваме најискрено да го пополните.
Оваа анкета е направена за потребите за подготовка на магистерски труд на студент на постдипломски студии на Институтот за педагогија, насока Менаџмент во образование.

Анкетниот прашалник се состои од 12 прашања

Училиште ______________________________________________

Одделение ______________________________________________

Пол     М/ Ж

1. Дали постои соработка помеѓу вас и родителите на учениците?
   а) Да, редовно
   б) Не
   в) Доволно
   г) Недоволно

2. На кој начин се остварува Вашата соработка?
   а) Родителски средби
   б) Индивидуални средби
   в) Домашни посети
   г) ________________________________

3. Колку често остварувате соработка со родителите на учениците?
   а) еднаш месечно
   б) на тромесечје
   в) еднаш годишно
   г) повеќе пати годишно

4. Дали сте задоволни од соработката?
   а) Да
   б) Не

5. На што најчесто се однесува соработката?
   а) Успехот на учениците
   б) Поведението на учениците
   в) Проблематични ученици
   г) ________________________________

6. Дали родителите најчесто сами сакаат да соработуваат?
   а) Да
   б) Не

7. Дали родителите се одзиваат на вашите покани?
   а) Да
   б) Не
   в) Не секогаш

8. Кои родители најчесто одбиваат да соработуваат?
   а) Родителите на учениците со намален успех
   б) Родителите на проблематичните ученици
   в) Родителите кои се презафатени со работа
   г) ________________________________________

9. Дали кај учениците чиишто родители соработуваат има подобрување на успехот и поведението?
   а) Да
   б) Не

10. Дали ги повикувате родителите да се вклучат во подготовката на манифестациите кои ги организира вашето училиште?
    а) Да
    б) Не
    в) Не секогаш

11. Дали родителите се вклучуваат во подготовката на манифестациите кои ги организира вашето училиште?

    а) Да
    б) Не
    в) Многу ретко

12. Дали родителите покажуваат интерес за учество во вашите активности со учениците?
    а) Да
    б) Не
    в) понекогаш

*Ви благодарам на соработката*

## Анкетен прашалник за родители

Овој анкетен прашалник е наменет за да се дознаат ставовите на родителите за нивото на соработка која ја остваруваат со наставниците и стручно педагошката служба во училиштето каде што се образуваат Вашите деца.
Анкетниот прашалник е анонимен и затоа Ве замолуваме најискрено да го пополните.
Оваа анкета е направена за потребите за подготовка на магистерски труд на студент на постдипломски студии на Институтот за педагогија, насока Менаџмент во образование.

Анкетниот прашалник се состои од 14 прашања

Училиште ____________________________________________________

Одделение во кое учи ученикот VII VIII IX

1. Колкаво е нивото на соработка со класниот раководител?
   а) недоволно
   б) доволно
   в) одлично

2. Дали сте задволни од соработката?
   а) Да
   б) Не

3. За што најчесто се однесува вашата соработка со класниот раководител?
   а) Успехот на децата
   б) Поведението на децата
   в) Активности кои се спроведуваат во училиштето

4. Дали редовно присуствувате на родителските средби?
   а) Да
   б) Не

5. Што повеќе би практикувале?
   а) родителски средби
   б) индивидуални средби
   в) средби со педагогот

6. Дали сте задоволни од класниот раководител за време на родителските средби?
   а) Да
   б) Не

7. Дали сте запознаени со активностите на училиштето?
   а) Да
   б) Не

8. Кој треба да Ве информира за активностите во училиштето?
   а) Класниот раководител
   б) Стручно- педагошката служба
   в) Директорот
   г) Децата

9. Дали соработувате и остварувате комуникација со стручно- педагошката служба?
   а) Да
   б) Често
   в) Ретко
   г) Не

10. За што најчесто се однесува оваа соработка?
   а) За успехот на ученикот
   б) За поведението на ученикот
   в) За активнсоти на училиштето

11. Дали сте или сте биле дел од училишниот одбор или советот на родители?
   а) Да ______________________________________________________
   б) Не

12. Дали би сакале да бидете вклучени во активностите на училиштето?
   а) Да
   б) Не
   в) Само во активностите кои ги организира одделенскиот раководител

13. Колку сте задоволни од соработката со училиштето?
   а) Сум задоволен/а
   б) Не сум задоволен/а

14. Што би предложиле за да се подобри комуникацијата со училиштето?

______________________________________________________________________

*Ви благодарам на соработката*

## *Заклучок*

Важноста од соработката меѓу родителите и училиштето е проучувано во многу истражувања. Резулатите од истражувањата потврдуваат дека децата чии родители на различен начин придонесуваат во училиштето, мотивирани се за учење и постигнуваат подобар успех (Finn, 1998).[47]

Училиштето е средина во која детето се воспитува и се образува, а успешноста на воспитувањето е можна единствено со помош, соработка и комуникација со родителите. Поаѓајки од ставот дека ученикот и детето се иста личност која се развива во училиштето и семејството, денес во сите земји и во сите училишта се нагласува потребата од соработка меѓу училиштата и родителите како педагошки неизбежна.

Важно е да се разбере дека кога родителите и наставниците во училиштето комуницираат, тоа обезбедува можност да учениците го достигнат нивниот максимален потенцијал како во училиштето така и надвор. Учениците кои знаат дека нивните родители редовно остваруваат комуникација со нивните наставници, се трудат повеќе и со тоа добиваат подобри резултати во училиштето.

Заклучокот кој го добивме од спроведеното истражување во основните училишта во Кочани јасно ни дава до знаење дека потребата од вклучување на родителите во воспитно образовниот процес е голема. Потребно е поголема ангажираност на родителите за подобра соработка со училиштето, што може да резултира со подобар успех на учениците, како и намалување на негативните појави. Фактот дека кај учениците, чиишто родители се вклучени во воспитно образовниот процес има значително подобрување на успехот, треба да ги мотивира самите наставници да изнајдат начин и да ги мотивираат и родителите на останатите ученици да соработуваат. Посетите на родителите во училиштата, на родителските средби, работилниците и активностите на училиштето, состаноците на родителите со наставниците се ефективни во охрабрување на родителите да се вклучат во образованието на нивните деца. Информациите кои родителите ги доиваат од наставниците и стручно педагошката служба исто така се многу

[47] Marušić Iris: Škola otvorena roditeljima – rezultati istraživanja, Dijete, škola, obitelj, Pučko otvoreno učilište Korak po korak, Zagreb, 2007., broj 20

корисни. Родителите треба со задоволство да учествуваат во сите активности на училиштето, а не тоа да го чуствуваат како товар, губење време или нешто непотребно за нив.

Меѓутоа, и покрај тоа што родителите се информирани за активностите и поканети од наставниците и стручно педаошката служба да се вклучат во работилниците и активностите кои ги организираат наставниците и училиштето, сепак денес родителите се презафатени и не сите со задоволство прифаќаат да бидат дел од активностите, и покрај фактот дека на тој начин ќе ја зацврстат соработката со наставниците и училиштето.

Родителите сакаат да бидат информирани за се што се случува во училиштето и самите имаат предлози на кој начин би можеле да бидат во постојана комуникација со наставниците и училиштето. Бидејќи живееме во време кога електронските медиуми заземаат се поголем зафат, кога скоро сите родители активно користат интернет, најдобро би било доколку комуникацијата и информациите би ги добивале електронски, но сепак многу подобри резултати дава директната сработка на родителите со наставниците.

Стручно педагошката служба треба да ги запознаат родителите за тоа во што се можат да се вклучат, да ги презентираат и да ги запознаат со активностите на училиштето. Да ги запознаат со годишната програма на училиштето и со активностите планирани за родителите.

Наставниците освен за успехот на учениците, треба да ги известуваат и за активностите во кои може да се вклучуваат родителите во работилниците кои тие ги организираат на нивните часови, редовно да ги информираат за успехот на учениците, за нивното поведение и за сите промени и проблеми кои се појавуваат кај учениците. И покрај фактот дека повеќето родители имаат желба да се вклучат само во работилниците на наставниците, но не и во останатите активности кои се организирани на ниво на училиште, наставниците и стручно педагошката служба треба да најдат начин како да ги вклучат родителите кои воопшто не се вклучуваат во активностите, и да ги мотивираат родителите кои сакаат да се вклучат само во активностите на учениците.

Од друга страна пак родителите на родителските средби треба да ги изнесуваат своите ставови, предлози и идеи со кои би се подобрил воспитно

образовниот процес, би придонеле до напредок на целото училиште. Предлозите и идеите кои ќе ги предложат родителите на родителските средби, треба родителите кои се вклучени во Советот на родители и училишниот одбор да ги пренесат пред останатите органи на училиштето и со тоа училиштето би напредувало и би постигнало поголем успех.

## *ПРЕПОРАКИ*

Преку анализата и истражувањето на прашањето кое го обработувам во овој труд и сретнувајќи се со ставовите на родителите, наставниците и стручно-педагошката служба, како и позитивните искуства на оваа тематика на другите поразвиени држави, како можни предлози за подобрување на комуникацијата и соработката односно намалување на дел од бариерите во комуникацијата на родителите со наставниците и самите училишта може да ги издвоиме следниве препораки:

а) Почести родителски средби на родителите, наставниците и стручно-педагошката служба. Самите родители во анкетниот прашалник се со став дека имаат потреба од многу почести родителски средби. Бидејќи на родителските средби најчесто се зборува за успехот и поведението на учениците, како дополнителен предлог кој би ја подобрил комуникацијата меѓусебната комуникација е наставниците најпрво да ги посочат позитивните вредности кај учениците, да ги пофалат дури и учениците со лоши оцени и поведение пред да ги кажат негативните работи кои треба да се подобрат.

б) Почести индивидуални средби помеѓу родителите и наставниците, а по можност и средби со педагогот или психологот во училиштето. Често на родителските средби родителите не можат слободно пред останатите родители да разговараат за проблемите кои ги имаат. Многу од родителите на учениците со лоши оценки и намалено поведение ги избегнуваат родителските состаноци и од страв дека ќе бидат засрамени пред останатите родители не присуствуваат на истите. Затоа, родителите имаат потреба на само да разговараат за проблемите со наставникот, педагогот или психологот. Исто и на овие состаноци колку и да е лоша ситуацијата, секогаш на родителите треба да им се посочат прво позитивните

вредности на ученикот и отворено да се зборува за проблемите како полесно би се надминале истите.

в) Организирање на работилници во кои би биле вклучени родителите, наставниците и учениците. Самите родители во анкетните прашалници се изјаснија дека повеќе би сакале да бидат вклучени во работилници кои ги иницираат наставниците на нивните деца. На овој начин родителите би се запознале подобро со наставниците и нивната комуникација би поминала на едно подобро ниво.

Многу важно е наставниците да најдат дачин како подобро да се поврзат со родителите за да тие се чуствуваат слободни при комуникацијата со родителите. Би било добро доколку наставниците би ги научиле имињата на родителите или би ги прашале како тие сакаат да им се обраќаат. На овие работилници и на родителските состаноци наставниците треба да им се приближат на родителите и да изградат еден пријателски однос.

г) „Образованието преку интернет претставува нов пример за учење во споредба со традиционалното образование, каде во средината на воспитно образовниот процес главно е наставникот, сега во најголем дел интернетот станува придружник од кој се очекува изразена активност, мотивираност и самодисцплина во совладување на материјалот."[48]

Би требало да се размисли за поголема употреба на интернетот и поврзување на училиштето со родителите преку интернет и социјалните мрежи.

Информирање преку web страна на училиштето или училишен весник. Многу од родителите не се запознаени со активностите кои се спроведуваат во училиштето. Многу од училиштата немаат свој училишен весник, а многу од нив немаат ниту активна web страна. Некои од училиштата кои пак имаат web страна не ја користат активно и не ги ажурираат информациите постојано. Освен тоа колку и да е активна web страната на училиштето родителите многу малку или воопшто не ја посетуваат училишната web страна. Тоа е една од причините зошто родителите се недоволно или воопшто не се информирани за активностите.

[48] Mrezna stranica, suradnja roditelja, ucenika I ucitelja https://pogledkrozprozor.wordpress.com/2011/12/22/mrezna-stranica-suradnja-roditelja-ucenika-i-ucitelja/

Училиште web сајтови имаат две основни цели. Првата цел е да е дејствува како на on-line брошура за потенцијалните ученици и родители и да им се обезбеди што повеќе информации за училиштето. Втората цел е да се подобри ефикасноста и ефективноста на комуникација помеѓу учениците, родителите и наставниците.[49] Секоја web страна треба да има практичен и едноставен изгледа и пред се да е едноставна за пребарување. Web страната на училиштето задолжително треба да содржи податоци за училиштето, адреса и контакт на училиштето, поминати и идни активности, информации и известувања за родителите и учениците, календар со идни активности и настани на училиштето, постигнати резултати и слики.

Како една идеја која може да ја предложиме е училиштето барем еднаш месечно да издава училишен весник во кој накратко би ги опишале своите активности, резултати и би ги информирале родителите за се она што се случува во училиштето. Училишниот весник кој би го издавал училиштето во електронска форма би требало да биде прикачен и на web страната.

Доколку училиштето нема доволно финансиски средства за оддржување на web страна или шечатење на училишен весник, може еднаш месечно да прави флаери на кој накратко ќе бидат наведени активностите на училиштето.

д) Комуникација преку e-mail или телефон. И покрај тоа што наставниците се презафатени со административни работи по завршување на часовите, би можеле барем еднаш неделно или еднаш месечно по маил накратко да ги известат родителите за сето она што се случувало во текот на неделата, што учениците учеле и што се очекувало од нив да научат. На тој начин родителите би биле во тек со она што децата го учат во училиштето. Телефонските повици исто така можат да бидат многу корисни. Понекогаш позитивните повици, односно пофалните телефоснки повици би можеле да имаат големо влијание врз самиот ученик, во зголемување на неговата самодоверба и амбицијата за постигнување повисоки резултати. Телефонскиот повик немора секогаш да значи дека ученикот направил нешто лошо, овие повици не само што ќе ги охрабрат учениците туку ќе ја

---

[49] „*12 Things Every School Website Should Include*“ http://blog.ourchurch.com/2007/08/14/12-things-every-school-website-should-include/

поттикне и соработката и комуникацијата на родителот со наставникот. Дури и кога треба да се јави наставникот и да го информира за некоја негативна работа родителот, полесно би било кога прво за нешто би го пофалил ученикот.

Комуникацијата меѓу наставникот и родителот треба да биде на ниво разбирливо за родителите.

ѓ) Двонасочна комуникација. Не треба секогаш наставникот да е тој кој ќе зборува, а родителот оној кој ќе слуша. Помеѓу наставниците и родителите треба да има двонасочна комуникација. Наставниците секогаш треба да бидат достапни и да им дадат до знаење на родителите дека сакаат да соработуваат, дека им стојат на располагање да ги сослушаат и сакаат да им помогнат доколку се во можност. Многу битно е наставниците да бидат позитивни во односот со родителите.

е) Обуки и едукации за наставниците и родителите. Обуките за наставниците би требало да бидат насочени кон тоа да ги подготват самите наставници да знаат како да комуницираат со родителите и да ги заинтересираат да се вклучат во активностите. И покрај тоа што наставниците често органиизираат работилници за родителите на самите работилници се појавуваат само одредени родители, затоа многу е важно да знаат како да ги вклучат и останатите родители. Обука е потребна и за оние наставници кои работат со родители од маргинализираните и ранливите категории. Многу е важно при комуникацијата, родителите да не добијат впечаток дека наставниците на некој начин ги дискриминираат или навредуваат нив или учениците.

Едукација им е потребна и на родителите. Преку овие едукации училиштето би можело да ги запознае родителите со активностите и да им посочи во кои се активности и на кој начин може да се вклучат родителите.

ж) Училиштето треба да биде отворено за комуникација и соработка со родителите, да ги разгледа и прифати нивните идеи, доколку се прифатливи и постојано да изнаоѓа нови иновативни начини за придобивање на поддршката од родителите со цел напредок и развивање на училиштето и подобрување на успехот на учениците.

Од горенаведеното за меѓусебната соработката на родителите со училиштето и наставниците доаѓаме до заклучок дека Добрата соработка со родителите = добро за учениците + добро за училиштето + добро за родителите.

## Користена литература


1. Арсовска- Несторовска, К. (1997), *Соработка на училиштето со родителите*, Битола: Минека
2. Бергант,М. (1973), „ Промене породица и проблеми породичног воспитања", часопис *Педагогија* 1, Београд
3. Building Parent-Teacher Relationships http://www.readingrockets.org/article/building-parent-teacher-relationships
4. Bursac, V., Rodic, Z. (bez oznaka), „Participacija poditelja vazan factor poddrske razvoja ucenika i skole", *Jednakve sanse u srednoskolskom obrazovaniju,* Novi Sad: Tehnicke skole „Pavle Savic"
5. Галевка- Ангеловска, Н. (2010), *Планирање на научно истражување,* Скопје: Филозофски факултет (интерен материјал за постдипломците од Педагошки науки и менаџмент во образование)
6. Годишна програма за работа на ОУ „Кирил и Методиј" Кочани
7. Годишна програма за работа на ОУ „Раде Кратовче" Кочани
8. Годишна програма за работа на ОУ „Малина Поп Иванова" Кочани
9. Годишна програма за работа на ОУ „Никола Карев" Кочани
10. Горѓиевска, Г. (2004) *„Родителско- училишна соработка- клуч за унапредување на квалитетот на образованието"*, Образовни рефлексии
11. Doering-Jackson, L.R., Estes, D.M., Gathright, T.L., & Templeton, B. (2007). 21st century technology solutions to meet the requirements of NCLB: *„Using technology to increase communication with parents"*. Unpublished action research project, Corpus Cristi Independent School District.
12. Ефективност и ефикасност на наставата: Зборник на трудови од меѓународната стручна конференција (2011), Битола: СОУ „Таки Даскало"
13. Effective Parent and Teacher Communication http://education.more4kids.info/264/effective-parent-teacher-communication/

14. Emerson,L., Fear. J.,Fox, S., and Sanders, E.(2012).„Parental engagement in learning and schooling“: Lessons from research. A report by the Australian Research Alliance for Children and Youth (ARACY) for the Family-School ommunity Partnerships Bureau: Canberra.
http://www.aracy.org.au/publications-resources/command/download_file/id/7/filename/Parental_engagement_in_learning_and_schooling_Lessons_from_research_BUREAU_ARACY_August_2012.pdf
15. Закон за основно образование
16. Zuzic, S., *Suradnja roditelja I skolje*, http://www.ssmb.hr/libraries/0000/6708/Suradnja_roditelja_i_%C5%A1kole__Slavica_%C5%BDu%C5%BEi%C4%87_-_pdf.pdf
17. Концепција за деветгодишно образование, (2007), Министерство за образование и наука, Скопје: Биро за развој на образование
18. Kosic, A. (2009), „Roditelji i nastavnici- partneri u unapredivanju odgojno obrazovnog procesa“, Zivot is kola, Samobor: Glazbena skola „Ferdo Livadic” br.22
19. Krejci, C.R. (2002). Parent Preference in Parent-Teacher Conferences, The Graduate School University of Wisconsin-Stout, Menomonie http://www2.uwstout.edu/content/lib/thesis/2002/2002krejcic.pdf
20. Live@edu u Osnovnoj skoli Popovaca http://www.os-popovaca.hr/LinkClick.aspx?fileticket=Qm71W%2FeLHcA%3D&tabid=38
21. Mandic, P. (1980), „Saradnja porodice i skole“, *III Dopunjeno izdanie*, Sarajevo: IGKRO “Svetlost”, OOUR Zavod za udzbenike,
22. Marušić, Iris: Škola otvorena roditeljima – rezultati istraživanja, Dijete, škola, obitelj, Pučko otvoreno učilište Korak po korak, Zagreb, 2007
23. Мирасичева, С.(2007), „Комуникација меѓу наставникот и ученикот во основното училиште“ , Педагошки факултет „Гоце Делчев“ Штип
24. Mrezna stranica, suradnja roditelja, ucenika I ucitelja https://pogledkrozprozor.wordpress.com/2011/12/22/mrezna-stranica-suradnja-roditelja-ucenika-i-ucitelja/

25. Нансен модел за интегрирано образование, (2012) „*Прирачник за родители*“, Нансен дијалог центар, Тим за едукација, обука и развој, Скопје
26. Нансен модел за интегрирано образование, http://www.nmie.org/index.php/mk/nansen-model/za-nansen-modelot
27. Национална програма за развој на образованието во Р. Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи, Скопје: Министерство за образование и наука на Р. Македонија http://www.mon.gov.mk/images/banners/web_banners/Nacionalna%20strategija%20za%20obrazovanieto%202005-2015.pdf
28. Parent-Teacher Communication http://urbanext.illinois.edu/succeed/communication.cfm

29. Педагошки стандарди- Компетентни учители за XXI век , Скопје: Фондација за образовни и културни иницијативи- Чекор по чекор
30. Поттикнување на наученото, Прирачник за професионален развој на учителите, Скопје: Фондација за образовни и културни иницијативи- Чекор по чекор
31. Прентон, К. И Јанкуловска, С. (2009) *Настава и учење на 21-от век.* Скопје: Проект за основно образование.
32. Ристевска, С., Горѓиевска, Г. (2004), *Прирачник за родители на ученици од основно образование,*Скопје: ЦРС Католички служби за помош
33. Rosić, Vladimir, Zloković, Jasminka: Modeli suradnje obitelji i škole, Pedagoška biblioteka, «Tempo» d.o.o., Đakovo, 2003
34. Selakovic,J. (bez oznaka), *Ocekivanja koja roditeli imaju od nastavnika i skole kao institucija,* Kraguljevac: Udruzenja gradzana Roditelj
35. Stier, M., Backes, J., Lamb, D. „Increasing Parent-Teacher-Child Communication for Beginning Teachers: S.O.S. Style“, http://www.mentors.net/library/parent_teacher_child_com.php
36. Стоилковска, А. (2004), „Преку партнерство со родителите до подобра училишна клима“, *Образовни рефлексии*, Скопје: Биро за развој на образованието

37. Стојкоска, В. (2007), *„Семејството како примарен фактор во работата на училиштето“*, Скопје: Просветно дело
38. Tips for Effective Parent and Teacher Communication http://teaching.about.com/od/pd/a/Parent-And-Teacher-Communication.htm
39. Томовска, А. (2009), Вклученоста на родителите во образованието (Истражување)
40. The Teacher's Role in Home/School Communication: Everybody Wins http://www.ldonline.org/article/28021/
41. Family-School-Community Partnerships 2.0 Collaborative Strategies to Advance Student Learning http://www.nea.org/assets/docs/Family-School-Community-Partnerships-2.0.pdf
42. Family- school partnership framework, A guide for school and families, Australian Government, Department of Education, Eployment and Workplace Relation, http://www.familyschool.org.au/files/3013/8451/8364/Family-school_partnerships_framework.pdf
43. Helping Parents Communicate Better With Schools http://www.education.com/reference/article/Ref_Helping_Communicate/
44. Шкалко, К. (1949), *Педагошка функција разредника у нашој школи*, Загреб
45. What Parents Want in School Communication http://www.edutopia.org/blog/parent-involvement-survey-anne-obrien
46. 10 Ways for Schools to Communicate with Parents http://memberhub.com/blog/10-ways-for-schools-to-communicate-with-parents/
47. „12 Things Every School Website Should Include“ http://blog.ourchurch.com/2007/08/14/12-things-every-school-website-should-include/
48. 20 Tips for Developing Positive Relationships With Parents http://www.edutopia.org/blog/20-tips-developing-positive-relationships-parents-elena-aguilar